СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Второто продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 октомври 1995 година

Скопје, октомври 1995 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 26-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ**

**ОДРЖАНА НА 25.Х.1995 година**

Дневен ред: Амандманска расправа по Предлог законот за локалната самоуправа

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 12, 86
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 74, 150, 154
3. АБДИ ФАИК - 77
4. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 117
5. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 5, 11, 111
6. БОЈКОВ ИВАН - 15
7. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 24, 79
8. ВРЕВЕЗОВСКИ ДИМИТРИЈА - 26, 29
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 90
10. ДИМОВ ЛАЗАР - 22, 31
11. ИБРАИМИ САМИ - 125
12. КАДРИУ ЗЕКИР - 129, 136
13. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 116
13. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 94
15. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 109
16. ОСМАНИ РУФИ - 20, 52, 55, 82, 85, 99
17. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 5, 8,11, 25, 37, 45, 49, 51, 52, 64, 87, 100, 103, 110, 112, 113, 120, 124, 138, 141, 148, 149, 160
18. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 16
19. РАМАДАНИ ХИСЕН - 33
20. РАМАДАНИ САЛИ - 38, 45, 69, 106, 132
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 50, 65, 81
22. РАМАДАНИ ИСМЕТ- 62, 72, 74, 162, 165
23. СИЛЈАНОСВКИ БЛАГОЈА - 35, 100
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 42, 47, 49, 60, 69, 70, 73, 76, 80, 135
24. ТАИРИ МЕВЉАН - 3, 65, 89, 102, 142, 146, 147, 150, 161, 164
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 92
26. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 114
27. ХАСИПИ КЕНАН - 13, 68, 153
28. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - ЗО, 34, 153
29. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 114
30. ШАКИРИ ХИСНИ - 157

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 октомври 1995 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Стојан Андов, Киро Поповски, Џеладин Мурати, Владимир Станковски, Атанас Вангелов, Јане Ангеловски, Наќе Стојановски, Игнатие Богдановски, Панче Насев и Маријан Начевски не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Сакам да ве информирам дека денешнава наша седница ја следат и група студенти од Правниот факултет.

Во текот и по завршувањето на претресот по амандманите на текстот на Предлогот на законот за локална самоуправа на 20 октомври 1995 година, пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман на член 61 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ване Наумовски и Петре Трајановски поднесоа амандман на член 91 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Димитрија Вревезовски поднесе амандмани на член 25 за бришење на став 2 и за бришеше на членовите 53 и 54 по кои Владата не се произнела.

I/2 ДВ/ПН

Пратениците Мевљан Таири, Сејфедин Харуни, Исмет Рамадани, Газменд Ајдарага и Абдурауф Пруси поднесоа амандмани на член 14 и на член 90 за додавање нов став 4 по став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 18 став 1 за додавање две нови точки 19-а и 19-б, член 19 став 1 точка 4 и на член 98 за додавање нов став 2 по став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Сејфедин Харуни поднесоа амандман на член 40 за додавање нов став 3 по став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Абдурахман Алити поднесе амандман за бришење на глава XIV и членовите 89, 90 и 91, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели поднесоа амандманот на член 19 за додавање два нови става, за додавање нов член 80-а и на член 89 став 2 по кои Владата не се произнела.

Со оглед на овие новопристигнати амандмани, работата ја продолжуваме со претрес по амандманот на член 14.

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен до пратениците Мевљан Таири, Сејфедин Харуни, Исмет Рамадани, Газменд Ајдарага, Абдурауф Пруси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Амандманот предлага поим минимум изградени инфраструктурни објекти и објекти од општествен стандард. Поимот не е јасен и не го решава прашањето што сакаат да го решат пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Уште помалку сметам дека е јасна формулацијата која што е дадена во предлогот на членот кој што стои затоа што тука стои да има изградено инфраструктурни објекти", што значи дека треба да ги има изградено сите инфраструктурни објекти. Тука лоцираме дека дел од тие инфраструктурни објекти треба да ги има и услови за натамошен развој. Сметам дека ова овозможува подобро лоцирање на можноста одредени подрачја да се конституираат како општини и без да го имаат севкупната потребна инфраструктурна мрежа. Затоа мислам дека амандманот би придонел да се избегне таа, како што наведов и во поранешните амандмани кога предлага бришење на овој амандман, волунтаристичко толкување околу тоа дали некое подрачје има изградено инфраструктурни објекти во задоволителен обем според критериумите што би се определиле од страна на комисија или Влада или Министерство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Сејфедин Харуни, Исмет Рамадани, Газменд Ајдарага и Абдурауф Пруси.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање две нови точки 19-а и 19-б, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 точка 4 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање два нови става, поднесен од пратениците Мерсел Билали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Сакам да објаснам накратко зошто не се прифаќа.

Се предлага единиците на локалната заедница да даваат предлози и иницијативи и мислења во врска со изборот на функционерите. Само да предочам една реалност која ќе настане после воведувањето на системот на единиците на локалната самоуправа според овој закон и Законот за територијална поделба. Таа стварност ќе биде една подрачна единица да има надлежност на територијата на повеќе единици на локална самоуправа, така што предлогот ќе биде невозможен и ја губи својата смисла. Башка е прашањето што на тој начин една сфера од системот, а тоа е системот на локална самоуправа би си приопштила надлежности во друга сфера, во сферата на државната власт што исто така е ќе примерно во системот на локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Се надевам дека г-динот потпретседател ќе ми овозможи да кажете нешто повеќе, со оглед на тоа што неколку дена ние бевме оправдано отсутни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете, не е ограничено времето на дискусија.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Сметам дека се работи за суштински амандман кој ги опфаќа суштински прашања на организацијата на локалната самоуправа.

Што сакам да кажам со ова?

Ние секогаш декларативно се изјаснуваме дека се ангажира со државна власт, се. ангажираме и за организација ва локалната самоуправа која ќе биде ефикасна, одговорна која ќе има функционалност во себе. Таква можност постои единствено ако се овозможи изнаоѓање на заеднички допирни точки помеѓу овие две организации.

Општо е познато и во теоријата и во праксата на повеќе земји дека е невозможно да имаме ефикасна одговорна и функционална и локална самоуправа и државна администрација, ако не ги најдеме тие заеднички допирни точки кои ќе изнудат соработка и комуникација помеѓу нив и тн. Ако не дојдеме до таква формулација која ќе изнајде заеднички допирни точки ќе имаме две во праксата спротивставени засебен свет кои ќе бидат перманентно во спор помеѓу себе, каде ќе имаме голема неодговорност, голема неефикасност и наравно ќе имаме мито и корупција што и сега го имаме во доволен обем. Се поставува прашањето како ќе ги контролира централната власт подрачните единици на своето министерство ако немал уште еден дополнителен механизам, а тој механизам може да биде организацијата на локалната самоуправа.

Суштината на мојот амандман е во тоа дека во единиците ва. локалната самоуправа каде постои веќе државниот орган, што ние го викаме подрачно министерство, а постојат и јавни претпријатија, сметам дека ќе беше демократски во рамките на признати стандарди во светската практика, ако барем по системот на мнозинство најмалку половината од вкупниот број на единиците на локалната самоуправа се произнесуваат односно даваат мислење за именување или разрешување на соодветниот функционер. Така практично ние ќе имаме одговорност.

Пред неколку дена ние тука веќе слушнавме дека понудениот текст има елементи дури и на локалната власт. Сметам дека тоа е ќе вистинито, констатирајќи многу литература и од западните земји и од земјите од бившиот социјалистички блок. Сметам и одговорно кажувам дека законот нема елементи на локалната власт, дури нема ни потребни елементи на локалната самоуправа, а има елементи на бившите месни заедници кои можеа исто така да делегираат луѓе кои ќе управуваат со образовните и културните институции и кои ќе управуваат со градската чистота. Од самиот факт што во законот се предвидува постоење на административни органи и инспекциски органи, не е образложение дека имаме локална власт, затоа што јас лично сметам дека тие инспекции, тие управни органи можеби треба да ја прашуваат "баба Вања", која ќе им каже во суштина што тие треба да работат.

Уште нешто да кажам. После толку одбиени амандмани јас се прашувам зошто постои овој Парламент, ако не постои за декор или за легитимирање на нечија апсолутна власт. Јас сметам дека можеме да се согласиме, дека и ние сносиме објективна одговорност за нечии желби, за концентрациона власт. После толкав број на амандмани што не се прифаќаат, јас сметам дека секој нормален човек може да се праша дали нешто не е во ред со предлагачите на амандманите, дали не е што во ред со Владата, или пак нешто не е во ред со начелата на современата демократија или основните, да кажам, начела на современата демократија.

Лично сметам дека без прифаќање на некои од овие амандмани, овој што се расправа сега и другиот 80-а што се однесува на поврзувањето на локалната власт и државната власт, сметам дека немаме морално право да го изгласаме законот не врз национална база. Лично сметам дека не треба националниот елемент воопшто да се меша,

туку едноставно по основа на моралната одговорност спрема сите граѓани, без оглед на нација и вера.

Се разбира, да ви кажам, наспроти мојата желба да го поддржам овој закон првенствено од причина што веќе на големо се шпекулира дека Албанците имаат стратегија системските закони да не ги поддржуваат, меѓутоа сепак не можат да смогнат сили, ако не се прифатат овие клучни амандмани што ги сметам јас тогаш јас, на жал, не би се согласил да го подржам овој закон. Наравро не можам да се согласам со тоа мојата земја да биде во дното на хиерархијата која се рангира по принципите на демократското уредување, дури и во бившите социјалистички држави. За тоа предлагам после извесно време да се даде пауза и да се консултираме уште еднаш. Сметам, ако постои минимална политичка волја, компромис може да се изнајде.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Кажани се многу тешки зборови и неопходно е да се одговори.

Бидејќи е поставена пред јавноста една дилема околу таканаречената морална обврска кои граѓаните со укажување дека предлагачот не покажува никаква морална обврска кон интересите на граѓаните. Да укажам дека прво читањето на текстот и неговото разбирање од становиште дали тој претставува еден концепт на локална власт или не, е читање што во овој момент не може до крај да ги види елементите на овој концепт и како концепт на локална власт и како концепт на локална самоуправа.

Второ, информацијата што се дава на јавноста дека во овој закон не се прифаќа никаков амандман и дека Владата инсистира на концептот без разлика на рационалноста на предлогот и аргументацијата е исто

така неточна. Прво ќе полнам од она второто.

Овој закон како предлог закон што го предложи Владата во голема мера е изменет и дополнет со многу амандмани што ги икаат дадено пратениците преку комисиите на ова Собрание. Во комисиите членуваат практично сако пратеници со се она што е подвлечено во предлог законот за локална самоуправа практично се 90% амандмани на пратениците.

Второ, голем број на решенија се прифатени од соработката со Републичката заедница на општините и градот Скопје и ако понатаму голем број решенија се прифатени од бројните јавни дискусии и други субјекти кои учествуваат во изградбата на законот. Исто така голем број решенија се модифицирани со оглед на експертизата на Советот на Европа, што значи предлог законот не е предлог на двајца, на 15 или 20 души, не е тој предлог исклучиво на Владата, ниту Владата е фактор кој би затнал ушите кој што има определени свои тенденции, намери или некоја претенционалност кон локалната самоуправа па наметнува модел што не одговара на моделите во другите земји, а уште помалку одговара на интересите на граѓаните во РМ. Имено, јас на г-динот Билали ќе му дадам преглед од 20 земји што го носам со себе тука, почнувајќи од Албанија, Австрија, Англија, САД и другите каде што има преглед на надлежности на единиците на локалната самоуправа, ги има комплетно списоците на надлежностите на тие единици, па нека ги спореди надлежностите на овој закон, нека ги спореди надлежностите на овие 20 држави од два континента и ќе согледа практично каде се наоѓа законот за локална самоуправа или предлог закон за локална самоуправа, од

становиште од скалата на надлежностите видовите на надлежностите и механизмите со кои располага локалната самоуправа во овој предлог за нивно остварување. Би требало да извлече сосема друг заклучок од она што е изречено во неговата дискусија.

Јас само да потсетам дека во оваа скала, во членот 18, вклучувајќи го и членот 18 како можност со статут да се генерираат надлежностите, единиците на локалната самоуправа имаат голема лепеза на надлежности како самостојни надлежности со кои може да уредуваат, самостојно да извршуваат со сопствени средства да го фундираат и овозможат извршувањето и со сопствени инспекциски органи да го надгледуваат извршувањето. Тоа се аспекти на секоја власт. Меѓутоа, карактерот на прашањата што се надлежност на единиците на локалната самоуправа се прашања кои апсолутно се поврзани со таканаречените локални прашања, но не и со таканаречените политички прашања, бидејќи политичките прашања се надлежност на државата.

И конкретно, предлогот на амандман кој не се прифаќа а толку многу го замисли г-динот пратеник, е предлог на амандман кон со вториот став вели: "до колку половината од единиците на локална самоуправа сметаат дека определено лице треба да биде началник на Полиција или во таа смисла, претседател на суд, евентуално, или директор на јавно претпријатие на Република, не на суд го исфрламе, на Полиција.

II/1.-СП/0М

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

На пример, на други подрачни единици или директор на јавно претпријатие кое е републичко дека тогаш тоа лице мора да биде избрано. Тоа значи дека началниците во полиција или директорите на јавни претпријатија ќе се избираат со гласање, практично на избори како што се избираат одборниците и пратениците, бидејќи ако добие половина од гласовите тој станува директор односно шеф на полиција. Не знам дали тоа навистина некаде постои и не знам дали тој елемент е навистина компатибилен со политичкиот систем што е уреден со Уставот. Јас мислам дека подразбирајќи погрешно предлозите и завршувам тука, читајќи ги со друго значење од тоа што вистински значат самите членови, се извлекуваат оценки кои не стојат, а личното определување и мотивите дали ќе се гласа или не спаѓаат во апсолутната слобода на пратеникот и тоа е елемент иманентен на мандатот на пратеникот и тоа е навистина лично чувство на одговорност ваков или онаков кон граѓаните на самиот г-дин пратеник Биљали.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Добро, јас се произнесов нешто поопширно отколку работите се однесуваат во овој амандман, морам да кажам дека некои општоприфатени начела, меѓународни начела или стандарди како што е на пример начелото на автономност тука само минимално може да се каже дека се респектира од самиот факт што законите ги уредуваат односите во детали, а не во начела. Тоа е прво.

II/2.-

Второ, општо начело е дека сите граѓани треба да се консултираат за сите прашања кои непосредно се однесуваат и директно кон нивните интереси и тука се поставува прашањето зошто за неколку сегменти Владата смета дека граѓаните не треба да се консултираат.

Трето прашање е начелото на двостепеност кое воопшто не фигурира дури и првите чекори кон таква организација се негираат.

Третата е координација која веќе се расправа во врска со амандманот, координација помеѓу локалната власт и локалната самоуправа. Јас реков да ги прочитате законите на Германија Италија и Франција, јас Ве упатив да ги прочитате законите од Унгарија, Бугарија и Албанија и ќе се убедите и ќе се уверите дека во склоп на надлежноста на локалната самоуправа спаѓа дури и јавната безбедност и јавните претпријатија и тоа не како делење на компетенциите за локалната власт, туку ги имаат како оригинални надлежности.

На пример да се послужиме со членот 18 точка 1 каде се кажува дека единиците на локална самоуправа донесуваат програма за развој. Ве молам, такви програми можеме да донесеме колку сакаме меѓутоа, ако немаме пари можеме да се сликаме со тие програми.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас нема да давам големо образложение во однос на тоа зошто не го прифаќам амандманот. Инаку, не го прифаќам амандманот само од две причини.

Првата причина сметам дека амандманот е во колизија со многу закони кои покриваат одредена дејност, а кои претставуваат лекс-специјалес. Ние не можеме да го пренесеме правото на локална

самоуправа за мене што претставува нешто локално, што е под ниво на еден матичен закон за здравствена заштита во кој закон ги регулиравме односите околу изборот, именувањето на одредено лице,а тоа индиректно се однесува и за матичните министерства, Министерството за труд и социјална политика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што сметам дека самиот амандман е во колизија со сите овие други законски проекти. Инаку замислата е добра ако не се судира со овие законски проекти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Без оглед на тоа што не сум подносител на овој амандман сметам дека е сходно да се јавам на говорница со оглед на тоа дека при моето излагање ја допрев и оваа област. Мислам дека овој амандман повеќе се однесува на поглавјето XI кое за мене е само проформа дадено и каде што членовите не корелираат едни со други. Имено, во излагањето напомнав дека со овој Предлог на закон во практична смисла е оневозможено повратно влијание на органите на единиците на локална самоуправа врз подрачните единици односно министерството. Дури во поглавјето XI стои дека за заклучоците што се донесени на заедничка седница, видете луѓе заклучок си е заклучок и мора да се спроведе. Наредниот член веќе кажува дека подрачните единици и единиците на локалната самоуправа го даваат своето мислење за заклучоци кои се донесени на заедничка седница. Дали тоа не е контрадикторно. Во крајна

линија ако веќе се коси со законите, колку што гледам , во овој амандман даваат иницијатива, што значи не именуваат функционери туку даваат иницијатива. Во тој случај ако е единицата на локалната самоуправа нема право да поднесе иницијатива која може, а и не мора да биде прифатена, кажете ми во тој случај дали функционира вертикалата, база и врв. Се работи за иницијатива - мислење кое не мора да се прифати, а не се согласувам со вториот став кој веќе налага ако е повеќе од 50% тој е веќе дискутабилен. Меѓутоа давање на иницијатива од базата врз која можат да се произнесат органите, не се коси дословно со ни еден закон во оваа земја. Ако тоа право го нема единицата на локалната самоуправа која ги познава своите проблеми ги познава своите стручњаци во одредена сфера, ќе доаѓаме во ситуации кога ќе им се наметнуваат луѓе и редно би било дури во огромен процент да се почне таа иницијатива, ако веќе зборуваме за една права демократија во вистинска смисла на зборот. Таа спона е недоволно обработена и веројатно тука веќе правиме "кинески ѕид". Ова е со закон регулирано, таму се именува функционер на повисока инстанца до оваа граница можете, во тој случај према мене е сосема нелогично би било нема потреба од подрачни единици. Локалните потреби ќе ги решава локалната самоуправа па сега некој од највисока инстанца ќе именуваме, ќе разрешуваме луѓе. Оваа спона е недоволно обработена. Ова поглавје е проформа дадено и веројатно, како што реков, поради не добро функционирање на оваа спона ќе имаме проблеми во практиката па ќе мораме сакале или не во иднина да го надоградуваме овој Предлог на закон. Зошто тоа да го правиме по година две кога можеме сега со одредени формулации кои не ги овластува комплетно единиците на локалната самоуправа, меѓутоа, овозможува нивно извесно повратно

влијание врз повисоките инстанци за да се постигне таа корелација, тоа содејство. Во секоја друга варијанта ќе имаме две спротивставени страни, ќе имаме спорни моменти и ќе немаме механизам на разрешување на тие моменти освен со минувања одозгора и со именување. Тоа е суштината и секој амандман што е во тој правец да го подобри тоа содејство, тој соодност, јас ќе го поддржам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?
Има збор г-динот Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Јас го прифаќам мислењето на претходниот дискутант и мислам дека овој амандман го сфаќам во таа смисла дека е најдобра желба од аспект на контролата и одговорноста на органите на извршната власт во единиците на локалната самоуправа, што сигурно ќе придонесе за нивно поефикасно работење. Ад-хок одбивање на овој амандман без добро да се размисли и разработи може да се стекне впечаток дека фактички одбиваме било каква ингеренција или контрола на работите на државната управа во локалната самоуправа што е спротивно на сето она што произлегува од законот, бидејќи во многу одредби од законот напротив се потенцира соработката, следењето, заедничкото предлагање и иницијативи од значење за локалната самоуправа и слично.

Поради тоа , јас мислам дека овој прв став во амандманот дека единиците на локалната самоуправа би го преформулирал да можат да дадат годишно мислење за работата на подрачните единици и мислам дека тоа не е спорно од аспект на сите оние образложенија што ги кажа

претходниот дискутант. Спорен е само вториот став во врска со задолжителноста на Министерството да постапи така и така доколку половината или повеќе од единиците дадат негативно мислење. Мислам дека тоа , од аспект на тоа што министерот го образложи како навистина неспоивост на една таква реакција да локалната самоуправа има ингеренции да сменува или назначува функционери е прифатливо и предлагам или предлагачот да го преформулира амандманот во оваа смисла или јас во натамошната постапка во членовите 79,80 и 81 би дал нов амандман со оваа содржина.

Да бидам јасен ако предлагачот ги согледа сите овие образложенија, а уверен сум дека намерата на предлагачот е таква да овозможиме што поголема контрола и увид на работата на извршната власт во единиците на локалната самоуправа ова како надлежност да се даде на единиците да дадат годишно мислење за работата на овие органи, а Министерството во одреден рок да одговори, да даде свое мислење врз основа на дадениот Предлог или мислење без задолжителност како тоа ќе постапи во конкретен случај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПВОСКИ:**

Потпретседателе, почитувани пратеници. Мислам дека ова е еден амандман кој иако е поднесен откако го поминавме овој дел од текстот на законот сепак не е задоцнет затоа што очигледно отвора во работата на Парламентот и општо во функционирањето на системот на управување со државата, па и со локалните единици, едно прашање кое

на некој начин последните 4-5 години цело време виси во воздух не само во Парламентот или во Владата, туку воопшто во политичката клима во државата се наметнува како нешто на кое на крајот на краиштата мора да му се најде решение. Какви се тие односи на соработка помеѓу државната власт и единиците на локалната самоуправа особено во онаа сфера во која државната власт има во ваква централизација ингеренции кои се однесуваат и на некои локални прашања за населението на кои не можат директно да влијаат. Токму заради тоа во целината на овој закон често се случува одредени пратеници кои во својата ангажираност имаат формални или неформални допирни точки во единиците на локалната самоуправа често бараат поголеми ингеренции затоа што чувствуваат дека со сегашното ниво на ингеренции не можат да решаваат односно да влијаат на решавањето на некои проблеми кои се од локално значење , меѓутоа сепак заради еден систем за кој се определивме на крајот на краиштата и со Уставот ние не можеме да влијаеме освен преку овој дом или преку други институции на државната власт.

Нашиот почитуван и ценет колега Биљали и Вејсели имаат поднесено амандман во таа смисла , кој по мое мислење не треба да се прифати поради следното:

Прво, мислам дека мораме да бидеме консеквентни на тоа дека одредени работи кои се во надлежност на државата нема да бидат во надлежност на локалната самоуправа и за тоа не би говорел повеќе од тоа што г-динот министер го кажа на оваа говорница, мораме да бидеме консеквентни. Јас разбирам дека за одредени работи има потреба од консултации за одредени работи, нема потреба од консултации, меѓутоа, не можеме да го формализираме во закон. Веројатно ќе се согласите со

мене дека има одредени делови од државната управа во кои единиците на локалната самоуправа не заради себе, туку заради целината на односите во таа сфера не би требало никако да влијаат како што се сферата на безбедноста, одбраната, внатрешни работи, па дури и на финансиите заради финансирањето на вкупните општествени потреби на државата, не би требало да влијаат од аспект на своите локални погледи. Има некои сфери каде тие би требало да влијаат. Се согласуваме дека во одредени делови од стопанството, земјоделието урбанистичкото уредување се услови на кои не треба да одлучуваат, туку можат да влијаат врз соодветните органи на државната власт и заради тоа е потребно некакво влијание. Јас тоа влијание не би го институционализирал во законот, меѓутоа мислам дека на крајот на краиштата треба да извлечеме од овој амандман и од оваа расправа која овде се влече и ние и Владата на Република Македонија еден друг заклучок. Зошто воопшто се доведе Парламентот во ситуација сериозно да расправа за овој амандман. Очигледно од неколку политички различни пратенички групи и политички партии има притисок за целосно или делумно прифаќање на иницијативата односно на содржината на овој закон. Мислам дека по повод расправата треба да се каже дека искуството од последните 4 години од донесувањето на Уставот или ако сакате од првите повеќепартиски избори до денеска покажа една недоволна подготвеност на Владата , не мислам на актуелната Влада, туку на сите три Влади кои беа во овој период избрани во нашиот Парламент една недоволна подготвеност неформално да соработува со единците на локалната самоуправа односно со нивните репрезенти, во вид на консултации кои немаат формален карактер или облигаторен карактер, чисто политичка добра волја од страна на претставниците на извршната власт да соработуваат со претставниците на локалната власт на еден начин кој ќе ги подобри решенијата и од локалната надлежност и од државната надлежност.

II/9.-

Јас сум убеден дека доколку има разбирање од Владата и се воспостави една пракса, а не една политичка форма или суштина, формална политичка обврска, туку ако се воспостави една политичка пракса на соработка на Владата односно на оние делови од државната власт кои ги извршуваат законите не само Владата и владини агенции кои ние со закон ги одредуваме овде дека суштината на овој амандман сам по себе нема да биде повеќе обврзна, затоа што ќе заживее една пракса во која, јас сум свесен дека под ова локалната самоуправа најголем дел од пратениците ја гледаат својата улога иако тоа овде никој не го кажува, секој пратеник сакајќи од местото од кое е избран да помогне во уредувањето на локалните проблеми го бара начинот на соработка и преку тие локални единици кон Владата. Оневозможен е да комуницира и директно по некогаш Парламентот со Владата по одредени прашања од надлежност на Владата или пак локалната самоуправа со Владата и затоа се бараат институционални форми кои јас не би ги прифатил во овој закон, меѓутоа, мислам дека треба да се потенцира дека доколку имаме поинаков однос од извршната власт, ќе повторам, не од оваа конкретна, меѓутоа, и од оваа конкретна Влада само по себе расправата нема да биде потребна затоа што, дефакто, ќе заживее таков однос. Меѓутоа, кога би го институционализирале мислам дека би имало сосема друга суштина и затоа мислам дека не треба да го прифатиме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас накратко само ќе се осврнам на дел од дискусијата на почитуваниот Никола Поповски и јас би ја карактеризирал како екс териоријална дискусија. Јас мислам дека треба да се има предвид дека во Република Македонија постојат единици на локална самоуправа, дека е таа државна власт, која е тотално централизирана, се спроведува во тие единици на локална самоуправа, дека тие ресори што господинот ги спомна, дека не би требало да бидат под одредено влијание На локалната власт, како што се внатрешни работи, финансии, народна одбрана и тн, се спроведуваат односно се дејствуваат во тие единици на таа локална власт, се финансираат од таа локална власт, значи од приходите на тоа население кое таму живее и постои. Нормална работа е што господинот Мерсел Билали предлага да се слуша и мислењето односно да се земе иницијативата на тие луѓе преку нивните репрезенти во тие единици на локална власт, при изборот, да кажеме, на раководни лица во тие подрачни единици на Министерството односно одредено министерство.

Инаку, да се залагаш за постоење на добра волја во ситуација и во амбиент кога напросто воопшто не постои таква добра волја за соработка помеѓу централната и локалната власт, навистина, за мене е многу чудно и тотално неприфатливо. Зошто се инсистира со амандманот да се формализираат тие односи. Ние во општините од каде што доаѓаме, навистина, имаме многу лошо искуство во функционирање на државна власт токму во тие релации. Особено сега со централизацијата на власта, после осамостојувањето на Македонија

сите решенија, односно сите кадри кои се поставуваат на раководни места сите доаѓаат наметнати да кажеме од разно разни дејствија, влијанија од надвор. Каде од надвор? Претежно од центарот Скопје. Значи, воопшто не се консултираат ниедна инстанца и во таа смисла јас ќе го земам Гостивар. Во текот на овие пет - шест месеци имаме сменување на скоро седум -осум раководители, било во јавни претпријатија, било во подрачни единици на Министерството односно одредени министерства и тотално се којдени луѓе без воопшто никаква консултација, да кажеме, со локалното раководство во општина Гостивар. Значи, јас сум за формализирање на тие односи од причини што практиката покажува дека не постои добра волја, на пример, тој систем да функционира како што го образложува господинот Поповски. Додека ние не ги формализираме, ние само можеме вербално да укажеме дека ќе постои таа врска и ќе функционира.

Понатаму, јас мислам дека треба да биде јасно, особено во тие ресори на државата како што се внатрешни работи, народна одбрана, финансиите, образованието, токму таму постојат најголемите проблеми, особено во мешаните средини од национален аспект. Инаку, како може да се оправда фактот што во Гостивар мимо тоа што албанците се скоро над 75% население, а од вкупните раководители во тие подрачни единици да нема ниту еден или двајца раководители. Или да не одам понатаму да ги набројувам овие работи. Секогаш ќе се наметнат кадри кои кадри некој ќе ги бира по одредени клучеви. Токму поентата што овој амандман господинот Билали го има предложено јас го поддржувам и мислам дека наполно има реален основ за прифаќање, почитувајќи ја реалноста во тие единици на локална самоуправа. Ние не можеме, господа, секогаш да наметнеме некои решенија на база на некои размислувања или некои програми кои се изготвени во одредени кабинети и тие програми да ги наметнеме на реалноста. Секогаш при наметнување

на ваква политика ние ќе имаме контрадикција помеѓу она што се наметнува и она што реално се има потреба да се спроведува во тие единици на локална самоуправа каде што се реализира и таа државна власт која тотално е централизирана.

Да завршам јас мислам дека амандманот има суштинска основа и истиот би требало да се усвои со модификација на вториот став за да истиот не биде во коалиција со правниот систем на државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Во врска со овој амандман можам да го кажам следното на база и на искуството кое што го имаме доле во општините. Сметам дека овој амандман е како последица на постојниот однос на државните органи на локалната власт. Мислам дека воопшто овој амандман, барем во првиот дел, вториот дел е дискутабилен, во првиот дел напротив на државната власт не би требало да и пречи, туку тоа е една форма институционална, со која што собранијата или советите се задолжуваат на некој начин преку овој закон да си дадат мислење за работите и не работите што ги води државната управа доле во регионите во општините што ги води на тој начин соодветната државна власт ќе ги има и на крајот на краиштата увид во работењето на локалните нивни функционери. Мислам дотука е во ред и не би требало да стои вториот член како некоја институција да се задолжува Владата да презема по тие мислења. Тоа не би требало да стои од причини што во една нормална држава со една нормална власт ако има негативни мислења за работа на одредени министерства, нема потреба институционално тоа да се доведува, туку при една демократичност соодветното министерство и тоа како треба да внимава на мислењата на органите на локалната самоуправа и да не дочека ова

што пишува овде половината од општините да си кажат негативно мислење, туку и тоа како треба да ги следи тие состојби. Но, искуството кое што го имаме во општините во овие пет години го кажува следното. Господинот Османи е потполно во право. Еве и јас доаѓам од една општина каде што локалната власт воопшто од ниедно министерство ниту е конституирана, ниту е побарано мислење, ама баш ништо, за одредени и кадровски решенија и други работи во органите на управата и во сите организации јавни кои што и те како се бават со проблемите на општината. Ова на Османи само да додадам дека не е врзано ниту со националност, ниту со ненационалност, туку едноставно е врзано со централизацијата на власта и практикувањето на таа централизација на власт. Значи се почнува, власта е овде, од таа власт се покриваат подрачните единици, практично целиот тој живот се блокира. Искуството да го кажам како функционирало, а исто така и овој закон ќе даде слобода за таквото функционирање. Ако ви кажам дека Собранието на општина Неготино одредени началници на министерства и покрај тоа што Собранието упорно праќа покани, на секоја седница се случило од одредени министерства во овие пет години да не дошле на седница. Некоја информација за некој локален проблем итн. Но, со вториот дел на амандманот ние немаме, уставна основа тој дел на амандманот да помине од проста причина што овој закон не може да ги регулира надлежноста на власта, надлежноста на власта е регулирана со Уставот.

Според тоа, јас се залагам оваа институција давање едно годишно мислење, сепак, ако не некоја друга тежина, политичка тежина да остане и не смета ништо, да остане за да и Собранието еднаш годишно да си дава мислење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Владо Поповски, министер во Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот има два става. Според тоа не е прифатлив, бидејќи има два става. Кога станува збор за првиот став и поместен во делот за соработката, односите меѓу единиците на локална самоуправа и државните органи, апсолутно би бил прифатлив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, предложете како ќе гласи амандманот.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЉИ**

Амандманот како што е пишан, само вториот став го повлекуваме. Првиот став останува како што е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи министерот го прифати првиот став, значи, амандманот се прифаќа, со изоставувањето на став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 5 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот, тоа е амандман за бришење на институтот главен архитект на градот.

**ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОВСКИ:**

Би сакал да слушнам образложение од министерот зошто не се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако сака министерот ќе даде образложение. Господин Поповски.

III/6

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас мислев дека господинот Вревезовски ќе дадеше свое мислење, образложение, а јас ќе дадев само една кратка информација. Еве ја таа информација за да не се надитруваме. Имено, овој институт е влезен во една од последните верзии на Законот во Владата, од страна на Владата. Поттикнат е од идеите на уредувањето на односната област пошироко како институт кој што и во рамките на Европа го има, станува збор за институт кој што е поврзан со градовите и градската архитектура. Основната смисла му е надлежност во врска со архитектонскиот аспект. Се тргнува од идејата дека градовите во Македонија имаат своја архитектура, идентитет во таа архитектура. Дека има опасност истата да се наруши и дека е потребно да се формира институт што неа ќе ја негува и развива низ односните надлежности што се дадени како едно национално богатство во смисла, богатство на културите на македонците и националностите кои што живеат во Република Македонија во градските агломерации и кои што низ архитектурата го изразуваат својот идентитет во таа област.

Информацијата е следната, досега Владата не добила ниту еден предлог од никого друг да се укине овој институт главен архитект на градот освен од господинот пратеник Димитрија Вревезовски, со што не се губи, се разбира, легитимитетот на овој предлог, затоа што господинот Димитрија Вревезовски е пратеник, но во секој случај сакав во ова Собрание да се слушне оваа информација дека ниедна средина, ниеден друг субјект не е против овој нов институт што сметаме дека може само да придонесе на подобро за архитектонскиот аспект не за урбанистичкиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Вревезовски.

**ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОВСКИ:**

Ќе се обидам накратко да ги изнесам причините поради кои го поднесувам овој амандман.

Прво, сметам дека вградувањето на еден ваков институт во содржината на законот е неоправдано и непотребно. Кога веќе во ставот 1 на член 25 се наведува кои се органите на единиците на локалната самоуправа, тогаш излишно е и без секаква смисла одредбата од ставот 2 на овој член, со која се извлекува еден административен орган од склопот на останатите органи на локалната самоуправа. На истиот му се дава посебен статус и се става во ранг на претставничкиот и извршниот орган кои се избираат на непосредни избори со тајно изјаснување. По мое длабоко убедување оваа материја не треба да биде регулирана со законска норма, или уште повеќе не со облигаторна, задолжителна норма. Зошто на градските општини во Република Македонија да им се наметнува обврска и именување на главен архитект на градот со негова канцеларија како административен орган. Оваа материја треба да се остави да се регулира на општините сами со своите акти во рамките на управните и административните органи.

Второ, не држи образложението дека со воведувањето на еден ваков административен орган во единиците на локалната самоуправа во градовите ќе се води повеќе сметка за заштита на архитектурата, бидејќи генерална функција на овој орган според предлагачот, би била заштита и водење сметка за развој на архитектурата во градовите. Во моментот во нашиот правен систем не фали законска регулатива за заштита на архитектурата, па не треба со овој закон да се воведува таква норма за заштита на архитектурата. Напротив, постојат одредби со кои се регулира заштитата на архитектурата и во законот за системот на просторно и урбанистичко планирање и во Законот за заштита на спомениците на културата и во Законот за органите на управата.

Имено, со Законот за системот за просторно и урбанистичко планирање, заштитата на архитектурата е регулирана така што при прибавувањето на документацијата за градба на објекти надлежниот орган подрачната единица на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животна средина издава локација на која покрај графички приказ постои и текстуален дел, урбанистичко - архитектонски услови во кои се дефинира каква треба да биде архитектурата покрај другото, а овој документ е потпишан од референт, архитект и од началник на подрачна единица архитект. После добивањето на локацијата странките пред истиот орган на Министерството за урбанизам поднесуваат идејни скици за објектот што ќе го градат на кој што параф става повторно архитект, референт и началник на подрачјата единица на Министерството за урбанизам. По ова странките прилагаат главен проект кој што, покрај другите фази содржи фаза архитектура и на која што ревизија вршат повторно архитекти вработени во службата на Министерството за урбанизам и за тоа издаваат решение за урбанистичка согласност, потпишана, исто така од референт архитект и началник архитект.

Потоа, истата служба на Министерството за урбанизам издава одобрение за градба, за да после тоа градбата на објектот ја контролира урбанистички инспектор, кој што исто така е, вработен во Министерството за урбанизам и по своите задачи треба да води грижа за заштитата на архитектурата.

Во оние стари градски јадра, каде се работи за архитектура која е заштитена со Законот за заштита на спомениците на културата по постапката за издавање на одобрение за градба на објекти, странките прибавуваат согласност од надлежните заводи за заштита на спомениците на културата или од други соодветни служби. Значи проблемот не е во непостоењето на законска регулатива и во непостоењето на надлежните органи за заштита на архитектурата.

III/9

Проблемот е во неодговорност и бирократскиот однос на надлежните служби на Министерството за урбанизам кои се платени, покрај другото да се грижат и за заштита на архитектурата.

Со воведувањето на еден ваков административен орган во градовите би се воспоставил еден паралелизам во заштитата на архитектурата кој што би предизвикал префрлање на одговорноста од еден државен управен орган, на еден локален административен орган, а крајниот ефект би бил уште полош отколку сегашниот.

IV/1.-нн/јс

**ДИМИТАР ВРЕВЕЗОВСКИ:** (Продолжение)

Градовите ќе можат да водат грижа за заштита на архитектурата доколку оценат дека има потреба од тоа и без поведување На посебен орган, со вработување на архитекти во рамките на административните или управните органи или тела како што се одделенија отсеци, реферати, служби, канцеларии и слично.

Од друга страна, зошто толкава грижа за архитектурата дури и со задолжително востановување со закон на главен архитект во градовите, кога сме сведоци дека една друга област во нашата држава е многу посериозно загрозена. Тоа е животната средина и природата. Сите сме сведоци дека секојдневно, дури и во градските центри ни никнат нови диви депонии и на крајот постои опасност Републиката да се претвори во големи буништа. Ако се знае дека според член 8 од Уставот на Република Македонија заштитата на животната средина и природата спаѓаат во темелните вредности на уставниот поредок тогаш по мене многу поголема е оправданоста од воведување на посебен орган во рамките на локалната самоуправа, главен градски еколог, отколку главен архитект на градот.

Трето, воведувањето главен архитект на градот со негова канцеларија како административен орган, од друга страна ќе доведе до создавање на една гломазна, неефикасна и скапа администрација, а сите ние на нашите бирачи им ветувавме дека ќе се залагаме за ефикасна, економична и небирократизирана администрација која ќе биде сервис за задоволување на интересите на граѓаните.

Четврто, доколку и постои еден ваков орган во локалната самоуправа на некои европски земји не треба и истиот по автоматизам да го преземеме во нашиот систем на локална самоуправа.

Ова од причини што во тие земји се работи за градови со по неколку стотини илјади жители или за милионски градови со приближно еднаков, или со поголем број на жители од вкупниот број на жители во Република Македонија, а не за градови со по неколку илјади жители, што се половината во Република Македонија. Заради сите овие причини барам бришење на ставот 2 од членот 25 и ги молам колегите пратеници да гласаат за овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван, потпретседателе, почитувани колеги пратеници, со многу малку зборови би сакал да кажам нешто бидејќи по професија сум архитект. Овие неколку денови во оваа расправа и по амандманите имавме прилика да чуеме најмалку едно 15 закони за локалната самоуправа, а материјали има веројатно за уште околу стотина закони, но јас ќе се задржам само на Законот што го предлага Владата Мојот почитуван колега од Охрид, мислам дека разговараме за две различни работи, оние го гледаат главниот архитект како институција која ќе се ќе многу работи и која ќе влијае во оперативните, за дозволата, па нема да биде дозвола итн. Јас посебно бев радосен со внесувањето на главниот архитект. Главниот архитект е една професија која треба да ни наметне една нова култура на живеење. Тој главен архитект треба да биде естетското лице на градот и на сите нас. Главниот архитект не е тоа само што се бави он дали ќе биде оваа улица пресечена овде, или нема да биде и самото сечење на улицата, се е тоа поврзано со она што нас ни фали за овие пет години. Збунет сум што Охрид има толку врвни

архитекти и сите најголеми награди што се зимаат на биеналињата доаѓаат токму од Охрид и збунет сум што они се плашат од едни такви врвни имиња од архитекти. Главен архитект јас имав прилика да видам во Италија тоа е господин со многу големо искуство во сите области од културата. Тој го дава шмекот на градот, тој го дава, ако не друго тој најлон нема да се фрли на улица и децата ќе дојдат кај мене во театар на еден многу покултувиран начин отколку досега што доаѓаат. Тоа е еден склоп што на сите нас мора многу да ни годи бидејќи, да ви кажам најискрено баш би сакал да бидам со еден таков човек и да биде носител на таа функција во градот. Оперативно таа негова канцеларија ќе ги има сите профили. Претпоставувам дека тоа ќе биде врвен архитект, кој ќе ги знае сите материи. Внатре ќе бидат и еколозите. На крај краишта екологијата е многу поврзана со културата на живеење, со естетското оформување на градот. Нас тие работи ни фалат а Охрид е единствениот град за мене лично кој што ги има запазено и ги негува тие архитектонски модули на нашата архитектура. Без разлика што за Скопје може да се најдат милион замерки со тие бетонски кули итн. не да ги омаловажува како архитектура, туку едноставно да се вратиме на она изворното што е наше. Не треба да се сфати тој архитект, главен архитект со една канцеларија кој што ќе става некои печати итн. Мислам дека, ќе ни годи на сите нас да бидеме, ако не друго, во друштво со еден човек кој ќе ги има сите тие области во малото прсте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Господа пратеници, кога и имавме општа расправа едно од образложенијата на министерот, предлагачите на овој закон беше дека

овој закон е многу добар бидејќи од Европа е. Ова е типична илустрација со градскиот архитект на она од Европа. Ние по се изгледа, или овие наши луѓе многу шетаат, па некои вредности кои што таму важат за други односи, за други големини сакаме овде да ги пренесеме и да ги накалемиме. Рангот на величините е различен во големините, исто така и нивото на историјата и културниот и општествениот развиток. Мислам дека овој архитект овде е токму таа слика на она што сакаме да пренесеме, јас и тогаш реков дека ние едно искуство наше на комуналниот систем никаде не го спомнуваме, нешто од тоа, некои позитивни елементи треба да содржи овој закон. Цело време велиме во Европа, а знаејќи дека во Европа е најразлична локалната самоуправа бидејќи различен историски развој има ние калемиме некои работи што тука и тоа како не одат. Ние знаеме овој закон е во Словенија, Словенците година ипол две го имаат па се за никаде е, во разговор и со нив до овој заклучок дојдов, по се изгледа јас мислам дека ние овие закони не ги ни припишуваме, туку ги прецртуваме. Разликата е многу голема бидејќи за прецртување треба и познавање на азбуката, а прецртувањето е онака земено. Што е овој градски архитект во општината, бидејќи тоа искуство го имам. Една општина која што има локална управа локална управа нема да имаат општините од триесет илјади жители поголема од три четири до пет луѓе. Ние на тие луѓе сега ставаме администратор архитект. Предлагачот на амандманот е сосема во право, сосема ги познава приликите, искуствата и дека место на еден таков човек не може да има во една општина, сигурно во Италија на пример во Венеција, Рим, сигурно дека ќе има, но во Неготино, Македонски Брод итн. сигурно би било добро но ако целокупната локална самоуправа се сведе на пет луѓе да имаме главен архитект. Јас ова ќе го експлицирам во врска со градски екологисти. Зошто да не

имаме и градски метлар, бидејќи главната работа во една општина е чистењето, миењето на улици и кревањето на ѓубре итн. Сметам дека оваа работа, градски архитект не би требало да се стави како институција во Законот. Секоја општина во рамките на надлежностите, бидејќи сега ние ќе имаме и изборни надлежности треба да се остави оваа работа општините да си ја регулираат бидејќи како прво не држи да имаме градски архитект, покрај другите работи што ги наброи предлагачот на амандманот.

Она работа која што ќе сака да се постигне автоматски нема да се постигне бидејќи тој градски архитект ќе биде ставен како политичко лице, претседател. Значи, архитектонски понеписмен човек ќе си бира архитект, значи пак ќе биде политичко лице, пак на другите избори наместо тој архитект ќе биде трет архитект и можеме да замислиме која архитектура. Според тоа, сметам дека амандманот на предлагачот од Охрид е и тоа како издржлив и сметам дека треба да го прифатиме од проста причина да не создава проблеми во самите општини. Институција правиме градски архитект. Во градот се решаваат тие проблеми од архитектурата, комуналното уредување, па секоја општина според своите проблеми и потреби стави.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, по правило не се мешам во работите кои што не ги познавам меѓутоа сакам да верувам во следното. Мислам дека вака како што ја замислуваме локалната самоуправа односно единиците треба малку да стекнеме некое искуство за да видиме некои институции како таму ќе можат да функционираат. Јас мислам дека вака сега градејќи го сега овој концепт оваа институција е преуранета и тоа од две причини.

Прво, затоа што како што рекоа господата што дискутираа има се уште недоречени работи околу тоа што треба таа институција да биде и дали може да ја издржи таквата институција една локална самоуправа вака како што ја имаме замислено со ограничени компетенции во сите други области.

Второ, интересна е дефиницијата дека само се предвидува за општините во кои што седиште е градот. Значи, општините каде што нема да биде засега седиште градот не им треба архитектура. Се разбира не сака законодавецот тоа да го каже, но бидејќи не предвидува институција за организирање архитектонско регулирање значи нема архитектура.

Од таа гледна точка мислам дека би требало или да ја надминеме оваа, или ако веќе предвидуваме да има во единицата локална самоуправа архитектонско биро, како служба тогаш да си биде во секоја единица.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, би сакал на еден од колегите да му одговорам за една работа. Во XXI век не би сакал да влегувам со некои предиспозиции што биле пред педесет години. Звањето на главниот архитект, мислам малку се потцени од еден од говорниците, мислам дека суштината не ја разбира која е во главниот архитект на градот. Би му препорачал архитектите во тој град таму на некој начин, ако не со голем чекор, барем со еден мал чекор да влезат во XXI век, затоа што со неговите толкувања ако не прифаќаме она што го имаат поразвиените од нас, тогаш ни дигитронот немаше да биде, немаше да биде ни компјутерот итн. Веројатно тоа носи прогрес и такви контроверзии да уште повеќе се залагаме за нешто понапред да одиме со еден чекор.

IV/7. -

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, бидејќи амандманот е доставен од мојот колега од Охрид овде се добива впечаток дека Охрид е против оваа работа. Мислам дека погрешно зборуваме. Не се работи за Охрид дури сметам дека е хендикепот што овој амандман го предложи пратеник од Охрид. Тоа требаше да го стори, бидејќи колегата Наќе не е тука од Демир Хисар, и ќе беше прифатен. И има две работи во сето ова.

Прво, ако амандманот е даден како можност, јас зборував и со министерот за градежништво, урбанизам и екологија може да има да постои главен архитект, тоа е прифатливо, затоа што во одделни мали општини и не мора да има, меѓутоа, во општини или во градови како што е Охрид, мислам дека треба да има главен архитект.

Втората работа е, некој зборуваше и рече Охрид со традиции во архитектурата, ние тие традиции не мислиме од сега да ги градиме, ги имаме тие традиции во архитектурата и досега. Охрид е расадник на архитекти и задоволство ми е што и овде беше подвлечено дека наградување на архитекти, за тоа станува збор.

Една друга дилема што постои кај мене е колку ги разграничивме во надлежност министерството и оваа институција во општината. Дали тука не требаше да интервенираме. За мене е сосема неприфатливо ако имаме институција главен архитект во една општина и натаму ревидирањето на урбанистичките планови, на архитектонските планови да го врши подрачната единица. Можеби, ми се чини во член 53, можеби таму ќе треба да додадеме некоја надлежност на главниот архитект, да ги ревидира проектите пред да биде издадено одобрение за градба од страна на министерството.

Што се однесува до тоа зошто се бега од оваа институција разбирливо ние живееме во еден страв дека новите содржини што се

даваат како извор на надлежност на општините логично бараат повеќе вработени, логично бараат повеќе средства за опстојување на општините. И ние сега по секоја цена настојуваме да избегнеме од она што утре би предизвикало плус трошоци во опстојувањето на една општина и особено пак велам, на една општина која и досега тешко можеше да опстане во Република Македонија. Ние имаме едно такво искуство, но сепак помал е бројот на општините кои самостојно со изворни приходи се издржуваат, а поголем е оној што бараат помош од државата. Сега бегајќи од една таква опасност да не се престориме пак во питачи пред јаслите, пред државниот буџет да ги намалиме обврските на општината. Меѓутоа, мислам дека може и не мора институцијата главен архитект да значи големо оптоварување на општината. Некаде ќе значи ако општината оцени дека ќе треба така да се организира, да има главен архитект, да има уште некој архитект можеби спореден архитект, да има секретарка, да има пишувачи, цртачи и слично, меѓутоа, јас лично сметам дека доволно е еден човек архитект да има и да ја извршува оваа институција.

Да најдеме излезе од овој без излез како што викаме, јас ќе си земам една слобода иако можев на колегата да му речам да го коригира амандманот, но од овде би му препорачал да изврши едно дополнување и цврсто да не го држи да не биде институцијата главен архитект, туку да одиме на една алтернатива во членот 25 и да речеме "во општините чие седиште е во град може да има, да се именува главен архитект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секако, ние расправаме по овој амандман. Ако имаме таков ќе расправаме по таков амандман.

Дали некој друг бара збор.

IV/9.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Поентата е таа, дека увезуваме механички институции не е точно. Тоа е најлошата оценка дадена по овој повод. Овој закон не е препишан ниту механички е составен. Оставаме да виси потребата од натамошни оценки на тој план.

Втората е, дека главниот архитект на градот не може да се врзе за големината на градот, а на таа основа за Македонија да биде неприфатлив како институт а за големите европски земји со големи градови да биде прифатлив. Ние имаме многу стари градови со многу позната, прочуена архитектура. Квалитативниот елемент на широки простори компаративно е во корист на Македонија бидејќи она има предност, има зголемена одговорност за таа градска архитектура во која што има, не само Охрид туку неколку бисери во градската архитектура да се чува и развива. Сосема се согласувам и сакам да кажам дека духот, смислата на овој институт е она што го илустрира и искрено г-динот Чадиковски за кој еве денеска дознав дека е архитект или тоа е онаа разлика во поимањето, сфаќањето и нијансирањето меѓу различните профили. Би било многу лошо ако си дозволиме комуналниот систем од 1952 година реата да му ја чувствуваме се уште и натаму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор. (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Пет пратеника гласаа "за"

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Димитрие Вревезовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 33 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со денеска како се договоривме.

Не би сакал некое пошироко образложение, туку само би го потенцирал тоа што сум го кажал во самото образложение. Јас не сум формалиста и тие свечени изјави веќе ни се до тука. Затоа, ова како една формалност изгледа на прв поглед, но сметам исто онака како што и пратениците не даваат свечена изјава, и ако даваат, знаете какви се овие наши клупи тука, не доаѓаат и на седници, па сметам дека и членовите на Советот не би требало таква изјава да даваат, затоа што сето тоа ми лични некако на схоластиката, на оние црквени рефрени, се изјавува ова и ова, на крајот не се извршува должноста како што треба. Значи, ние треба да бараме свесни членови на Советот, било тоа да се избрани од страна на граѓаните или да се, даречеме, некои експерти во иднина што би требало да бидат по мое мислење и давањето такви свечени изјави не значи ништо. Затоа, мислам дека треба овој член да се

брише и да не даваме изјави затоа што да percheme како во армијата се работи за некое дезертираше, додека во органите на локалната самоуправа односно во тие единици сметам дека таква изјава не би требало да се дава, затоа што ^-тоа секако ни личи на некој хор, на некој рефрен што на крајот ништо не значи. За ова може да се дебатира ако треба еден час или два, но сметам дека ова навистина нема врска со Албанците, туку тоа е една општа институција која ако остане од подамнешните времиња и денеска некако е чудновато. Замислете, сега ќе станат поединечно или заедно и изјавуваат нешто свечено, за мој поим уште од армијата малку памтам, тоа беше многу чудно и апсурдно и ние сами кои изјавуваме се смееме што е тоа што ние изјавуваме, а треба уште да се потпише после тоа. Затоа, не е некоја голема штета, мислам дека Владата така останала, ние како пратеници можеби сме сигурно посвесни од тие наши претставници во тие органи во единиците на локалната самоуправа и мислам дека можеме да направиме да не ја прифатиме оваа изјава, туку да бараме луѓе кои свесно ќе работат и ќе ги извршуваат во иднина своите должности, а не само да даваат свечени изјави, а потоа да направат 300 проблеми на работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

11 пратеници гласаа за.

V/3.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 33, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 4 став 6, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 5 став 3 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Исто го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот на член 39 поднесен од Комисијата за меѓунационални доноси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, само да кажам два три збора. Со текстот од Предлог - законот практично се утврдува правото. Тука се употребува еден збор од разговорниот јазик - добиваат надомест, има право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

V/4.-

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 поднесен од Комисијата за меѓунационални доноси.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за додавање нов став 3, поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот од проста причина што изборниот мандат се добива од граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Пет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 40-а поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

V/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој член 40 во претходната верзија што ја добивме, да не создаде забуна, каде што се работи за прашањето на претседавач на Советот, за кој што јас искористив прилика да продискутирам на минатата седница, денес би го додал само следното.

Компетенциите на претседателот на Советот се: ги свикува и раководи со седниците на Советот на единицата на локална самоуправа, се грижи за организација и работа на Советот и ги потпишува одлуките и актите на Советот и ги доставува на градоначалникот заради прогласување и објавување.

Поставувам едно практично прашање. Од искуството кое сите го имаме, тоа се компетенции на секретарот на локалната самоуправа, бидејќи имаме секретар како професионалец, со одредени квалификации - дипломиран правник и сметам дека во локалната самоуправа тандемот градоначалник и секретар може и овие работи да ги извршува, затоа што и да не сака, ќе мора да ги извршува во интерес на ефикасно работење. Што би значело претседавач? Пред се, тоа подразбира аматер,волонтер, кој ќе треба градоначалникот и секретарот да го бараат во претпријатие, фирма, во бизнисот, на нива за да закаже седница, а на нив ќе им биде тешко да ја закажат таа седница, треба да му тутнат материјали што тој треба да ги потпише, и обратно, записници што се водат и акти што ги донесува Советот, сега тој претседавач да му ги достави на градоначалникот кој е тука редовно присутен и тоа во континуитет четири години. Сметам дека претседавач на Советот е практично излишен,комплициран и според мене институт или институција

која нема да даде ефикасност, само ќе биде едно бирократизирање и ќе им ги комплицира практично и компетенциите и начелните луѓе во самоуправата, според мене градоначалникот и секретарот и воопшто на административните органи и тела кои ги формира единицата на локалната самоуправа. Сметам дека е едно депласирано воведување на нешто што може да има и друга опасност, да создава конфузија кај граѓаните дека за време на неговото претседавање тој е тој првиот човек во градот, ќе си земе такви ингеренции дека тој е претседавач или пак ако сакаме градоначалникот и секретарот да ги ослободиме свесно, со тоа што низа работи ќе ги препуштаме на овој волонтер кој што едноставно граѓаните не ќе можат да го најдат, незадоволни од работата на локалната самоуправа. Претседавачот така запишал, Не ме разбрал, претседавачот направил таков записник, барајте го низ државата или надвор од неа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 40-а поднесен до пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на поднасловот г) и на членовите 41,42,43 и 44 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

V/6.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Логички произлегува дека не се прифаќаат и овие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1 поднесен од Комисијата за меѓунационални доноси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман веќе е прифатен со претходните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 42, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман веќе е прифатен и содржан во текстот.

V/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали предлагачите на амандманот ќе се изјаснат.

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 5 став 1 за бришење на точките 9 и 10,поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот и во овој момент сакам да образложам, бидејќи станува збор за надлежностите на градоначалникот, напросто целиот концепт е поделба на надлежностите на легислативни и извршно -управни, и вторите се доделени на градоначалникот, кој се избира на непосредни избори од сите граѓани на општината и на тој начин го добива полниот капацитет и легитимитет да ги контролира односите во областа на извршувањето и управата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не морам да ги бранам сите мои поднесени амандмани, кои се најмалку 18, а со тоа некако оспорувам 23 членови на Предлогот на законот, туку само да ви обрнам внимание затоа што можеби не треба да прејудицирам, туку во мојата општина Кичево да знаете дека овој пат гарантирам градоначалникот ќе биде не само Албанец туку и од мојата партија, се извинувам. Меѓутоа, толку сум демократски расположен, па било кој да е тој дека оваа служба, оваа должност, оваа функција има да се злоупотребува и те како.

V/9.-

Значи ние на оваа институција на градоначалникот му даваме толку надлежности што е тоа некако чудно, неверојатно, јас немам никаков резон како тоа да го оправдам и каде се целите, кои ги претпоставувам но можеби не се сега тука за јавноста, за оваа трибина. Во моето општо излагање го изнесов моето мислење против овој градоначалник воопшто, дека тоа треба да биде не натамошна концентрација, туку напротив деконцентрација на власта во овие наши самоуправни единици. Затоа, само ви обрнувам внимание дека еден ден ќе излезе така што има преголеми надлежности и постои можност од злоупотреба и корупција, а тоа се случило безброј пати во минатото и кај поголеми функционери во Републиката, затоа сме сведоци овие денови во самите избори кои се вршат во нашето фамозно министерство за внатрешни работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 став 1 за бришење на точка 9 и 10, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за бришење на точката 10, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од една страна велиме демократизација, од друга страна овој член предвидува огромни компетенции да врши во прием на работен однос и да дава отказ од работа на лица, за извршители во управните односно административните органи на единицата на локалната самоуправа и обратно, од претходните дискутанти, јас ќе изнесам многу негативни примери од мојата општина, каде што и во досегашниве неколку години таа функција е до крајност испрофанисана, злоупотребена, што создава непотребно и меѓунационални тензии таму каде што не треба да ги има. Не е битно кој ќе биде првиот човек во локалната самоуправа, како што рече претходниот пратеник, важно е на некој начин ние самите да не го поттурнеме градоначалникот да греши и потоа да биде практично ставен на судот и на тапет на јавноста. Да се има едно такво неограничено право, да се прима во работен однос и да се отпушта е огромна привилегија, се разбира дека во единиците на локалната самоуправа контролните механизми не отсуствуваат, сигурно дека ќе бидеме оптоварени со она што значат национални клучеви и слично, барем во делот каде што јас живеам. За ваша информација веќе сега во последниве три години во единиците на локалната самоуправа и неколку подрачни единици примени се 32 Албанци и само еден Македонец, затоа што градоначалникот е Албанец. Што ќе биде кога ние ова во закон го внесуваме. Значи, го тераме тој градоначалник едноставно да греши и сметам дека не би смееле овој член, барем десеттиот да помине вака како што е формулиран,од една страна сите во дискусиите ја критикуваме власта дека не и дава на локалната самоуправа премногу права и ингеренции, а од друга страна ова се ингеренции без преседан. Сигурно дека ќе  се убедуваме дека ќе бидат запазени, се разбира

законот за работни односи и други работи, но јас сум песимист и сметам дека овој амандман Владата треба да го коригира, евентуално и оваа компетенција да биде како во сите други сфери на животот според Законот за работни односи.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Да појаснам, да нема заблуда, не е преседнат според Законот и за работните односи директорот е тој кој што ќе ги избира прима или отпушта од работа. Пред извесно време го усвоивте законот за основното образование и средното образование каде што директорот ги прима во работен однос или ги отпушта професорите, што значи дека станува збор, за еден нов систем кој што треба да се комплетира во сите елементи во случајот ако градоначалникот е носител на извршната и управната функција треба да може комплетно да одговара за таа сфера, да не се создаде механизам кој што ќе направи конфузија на одговорноста да не се знае кој е одговорен, да речеме во сегментот на управата и извршувањето за персоналниот состав, па да се вади еден орган на друг орган, а овој градоначалник има сопствена одговорност пред тие што го избрале и тука има еден амандман кој што можам да кажам дека ќе го прифатам, тоа е дека со една петина да може да биде покренувано, не со една третина прашањето на неговата одговорност и на можност од негов реизбор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине министре да расчистиме дека претпријатијата ќе бидат приватизирани и натаму одиме, према тоа едно е приватизирани претпријатија, а друго е градоначалник кој што го избираме и кој што градски совет живее од даноците на сите нас како граѓани н таа локална самоуправа, по било кој основ. Има суштинска разлика во тоа и ова треба да ни биде патоказ при разгледување на други амандмани и членови. Приватизација е едно, а локална самоуправа практично се финансира од даноци на нас како граѓани. Има огромна разлика. Директорот ќе си биде директор, сопственик и менаџерски акционер итн. Го знаеме тој пат и го поддржуваме. Сега практично да не ги измешаме

VI/2.-

овие две работи и на градоначалникот практично да му дадеме улога тој да биде ага или паша и да има свое село во кое што диригира и командува.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Двајцата колеги кои што се залагаа за овој член, мислам дека има една рационална нишка која ние како пратеници треба да ја опсудиме за да после при реализирање на Законот да не ни се повторат или јавната и други работи. Имено, мислам дека е добра оваа конструкција на целиот систем при градењето на институтските и нивното внатрешно уредување првиот човек да си ја носи одговорноста и за кадровската политика во организацијата. Меѓутоа, и заради неговата кондиција при вршење на таа работа и за неговото хранење со аргументи кои ќе бидат валидни за службата понатаму што ќе се реализира, треба да и претходи некое колективно тело во рамките на претставничкото тело кое дава мислење. Бидејќи да се ставиме сите во позиција на градоначалник. Кои се поднесуваат пријави за одредени работи односно работни места во самата општина и ние сме сами, се разбира ние ќе консултираме, меѓутоа, едно валидно квалификувано тело, консултативно во рамките на претставничкото тело, во овој случај на Советот би била многу голема помош за самиот градоначалник за да се определи, а би била и негова кондиција да се брани пред различните мислења за таквиот избор што ќе постои објективно. Зошто не му овозможиме ние на градоначалникот една таква можност тоа да биде тоа што пишува во членот, на база на предлозите односно мислењата од соодветната комисија на Советот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 за бришење на точка 10, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 4 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВКСИ:**

Не се прифаќа амандманот од следни соображенија. Главната цел на членот 46 е да се донесуваат уставни законски одлики на единицата на локална самоуправа. Во механизмите на заштитата на уставноста и законитоста прво се става градоначалникот со одредени права да укаже на неуставност и незаконитост и во рок од 15- дена Советот повторно ја гледа својата одлука и доколку ја потврди и доколку го игнорира укажувањето на градоначалникот, градоначалникот е должен да го потпише актот на Советот на единицата на локалната самоуправа со што се затврдува и конечно се потврдува легитимитетот на советот во единицата на локалната самоуправа во донесувањето акти. Меѓутоа, е должен да ја извести Владата, затоа што Владата во синџирот на заштитата од неуставни и незаконски акти има одредени надлежности и на Владата таа надлежност е само да може доколку има ненадоместлива штета да го задржи од извршување само 15 дена. Ако не поднесе барање пред Уставниот суд за оценка на уставност и законитост, актот стапува на сила и се применува, а доколку поднесе барање за заштита пред уставниот суд, уставниот суд со своја мерка ќе одреди дали ќе се извршува додека ако покрене постапка додека расправа, значи ќе го елиминира елементот дека штетите не се ненадоместливи, туку се ситни, така е поважно да го држи авторитетот на одлуката и неговата извршност. А Ако смета дека навистина се ненадоместливи, тогаш после

VI/4.-

15-от ден, уставниот суд ќе донесе мерка за привремено сторнирање од извршување на односниот акт. И тука нема ништо ниту невообичаено и нема ништо што ја омаловажува локалната самоуправа и што укажува дека законот евентуално претставува облик на концентрација на власт во ликот на Владата што многу често реторички се употребуваше во ова Собрание.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само кратко ќе барам едно пошироко образложение од страна на господинот министер за поимот ненадоместлива штета, бидејќи јас со мојата генерална дискусија се осврнав на тој поим и според мене ако тој поим се однесува на овие компетенции на локално ниво дадени со овој текст на законот, мислам дека навистина вака изгледа субјективен и до крај неразбирлив. Па би сакал министерот да објасни кои се тие ненадоместливи штети, да кажеме во кои сфери би можеле тие да се појават за да дојде до таа интервенција во Владата, сходно на член 115 од Уставот на Македонија, па понатаму на Уставниот суд. за да ни бидат вака овие работи појасни, сигурно тоа со некој подзаконски акт ќе се расчисти што се подразбира.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Да кажам дека предлагачот на законот поимот ненадоместлива штета немаше намера, ниту има намера да го операционализира, бидејќи не помага никаква операционализација.

Поимот ненадоместлива штета напросто како поим можат да го чувствуваат органите што се одговорни, но и самото население или граѓанството, дали навистина со одредена одлука може да се нанесе ненадоместлива штета денес во една област, евентуално со некоја друга одлука во некоја друга област во една општина, во друга општина во еден крај, во друг крај. Напросто неоперационализирањето на поимот ненадоместлива штета е поради тоа што и не може евентуално да се

VI/5.-

операционализира кој поим во сите можни конкретни случаи. Тоа би претставувало една огромна вреќа на примери кои што никогаш не можат да бидат како затворена листа на елементи на операционализација на ненадоместлива штета исцрпени, туку се остава односниот орган кога ќе ја преземе, во случајот Владата, од таа дефиниција сопствената надлежност, тој да се изложи, односно да го изложи својот авторитет. А што е на пример овластувањето на Вадата и тогаш кога е неоперационализиран поимот ненадоместлива штета, дали со тоа се задушува локалната самоуправа и дали на пример со тоа Владата може самата да предизвика некоја друга ненадоместлива штета, без оглед на идејата. Целокупната надлежност на Владата е само 15 дена да го задржи од извршување односниот акт. После 15 дена не пости надлежност на Владата врз основа на ненадоместлива штета, туку постои обврска во рок од 15 дена да покрене уставна постапка. Ако не покрене, актот стапува во полна сила и добива извршна сила. Што значи дека стопирањето, бидејќи ненадоместлива штета не е главното добро, мислам дека не е главниот интерес. Мислам дека главниот интерес е да не се дозволи ненадоместлива штета со незаконит и неуставен акт. Имено, Уставниот суд е тој кој што конечно оценува дали настапила ненадоместлива штета и дали е уставен или незаконски. Значи Владата нема решение на поимот на ненадоместлива штета и смета дека ќе биде погрешно ако се впушти кој и да е да ја дефинира таа ненадоместлива штета во различни области. Напротости, станува збор само за суспензивно вето во траење од 15 дена и тоа суспензивно вето автоматски отпаѓа после 15-от ден. Тоа може веројатно за една влада што носи одговорност за законитоста и уставноста на територијата на Република Македонија да и се дозволи како надлежност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

VI/6.-

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 46 став 4 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 1 поднесе од пртениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски Слободан Најдовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се предлага амандман за мандатот на градоначалникот да трае (5) години наместо (4) не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

(Се повлекува амандманот).

Отворам претрес по амандманот на член 48 за додавање нов став поднесен од пратеникот Кире Видимче

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е опфатен во текстот на Предлог законот со овој амандман на Владата па би било логично да се повлече.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Би било логично, предлагачот на амандманот не е тука.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тогаш се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на називот на точка 4 по член 52 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

VI/7.-

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот бидејќи претпоставува главен архитект и во селските единици на локална самоуправа.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи оваа предложена измена е поврзана и со некои други амандмани кој јас ги имам предложено, јас накратко ќе дадам одреден образложение како јас ја сфаќам оваа проблематика, бидејќи со предлогот да се има само главен архитект на градот, ние со новиот закон за територијална поделба на општините, сигурно е дека ќе имаме и нови општини во кои како седиште нема да има град. Па сега да бидеме објективни ако од аспект на организација, од аспект на архитектонски изглед ги анализираме овие две населби, значи градот и селото, сигурно ќе дојдеме до констатација дека и селските населби имаат потреба еднаш да се застане на тој изглед кој навистина е многу контрадикторен во кој изглед ние имаме станбени објекти од западњачки стил, додека имаме урбанизација од афрички стил. Сега се поставува прашањето дали и од аспект на архитектурата како што образложува г-динот министер, дали има потреба ние да интервенираме и да почнуваме да ги средуваме тие села. Јас да кажам потекнувам од крај, каде навистина ако се направи едена елементарна компарација поради тие убаво изградени куќи и помеѓу тоа воопшто немање на никаква урбанизација од аспект на водовод, канализација итн., ќе дојдеме до една констатација дека таму имаме спој на два различни света, кој воопшто немаат ништо заедничко. Па и суштината на овој амандман е тоа ние да овозможиме на тие нови општини во кои како седиште нема да биде градот да го има тој главен архитект, тој главен архитект да почне да ги урбанизира барем од архитектонски аспект тие населени места. Мислам дека треба

да покажеме разбирање бидејќи навистина нашето село е афричко село.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

**ВЛАДО ПОПОВСКИ;:**

Разбирајќи ги сите овие аргументи што се изнесени, сепак би кажал дека овој институт е нешто друго а дека за проблемите што ги изнесе почитуваниот господин Османи важат сите институции и прописи што ги изнесе г-динот Версаковски, практично тие функционираат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

14 пратеника гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на називот на точка 4 по член 52 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 53 и 54 поднесен од пратеникот Димитрие Вревезовски.

(Се повлекуваат)

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

(Се повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 53 точка 5,6,и 9 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

(Се повлекува).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот е вграден во текстот, ако не е тука присутен г-дин Видимче се одбива амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Ниту еден пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа е амандман каде што главниот архитект би се избирал од Советот. Мислам дека е тоа. Би претпочитувал, во смисла на дискусијата на г-динот Рамадани, овој амандман не се прифаќа, да се поврзе одлучувањето и околу овој институт, доколку дојде таков амандман.

VII/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (нема никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

(од место пратеникот Ајдарага предупредува на немање кворум) .

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата?

Имаме кворум за работа г-дине Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Исто како и претходниот не се прифаќа во оваа форма и во оваа мерка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Марјан Котлар.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Марјан Котлар.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 и 4 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Пратеникот го повлекува амандманот.

Ве молам, не ја напуштајте салата, затоа што работиме блиску до работ на кворумот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3 и 4 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 4 поднесен од пратеникот Благој Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 за додавање нов став по ставот 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Збор бара г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;:**

Овој став 4 има големо значење, бидејќи во единиците на локалната самоуправа со мешан национален состав при изборот и именувањето и вработувањето во органите на единиците на локалната самоуправа ќе се настојува да се обезбеди соодветна национална застапеност без да се нарушува принципот на стручност.

Сигурно дека овој став веќе можеме да кажеме дека е депласиран, бидејќи изборот ќе го врши градоначалникот. Меѓутоа, бидејќи ставот стои во законот, многу е релативно што е тоа соодветна национална застапеност. Едно е соодветна застапеност според категоријата граѓани според последниот попис, друго е соодветна застапеност спрема одреден профил што се бара и што да го речеме конкурент на пазарот, на слободниот пазар на конкурирање за работа, затоа што ако се

прифати првата категорија може да не однесе во многу други дискусии и анализи. Дали тој соодветен национален состав е и конкурентен за соодветно работно место или пак едноставно ќе се земе сега од пописот во општината Тетово неалбанското население е 25% и практично со толку треба да биде застапено. Без да се води сметка дали во тоа население сите со факултет или не се, дали сите имаат образование или не, дали превагнува едната или другата категорија на граѓани, може да пророкува многу непријатни работи што би значеле субјективност и релативизација.

Затоа мојот предлог е комплетно овој член да се избрише и практично вработувањето ќе си оди според одредбите на постојните закони, до толку повеќе што сите тука се залагаме за граѓански устав, граѓанско општество, демократско општество. Зошто сега рамки, стеги и национални клучеви и ограничувања?

Јас и минатиот пат се осврнав на овој став и сметам дека многу полесно ќе биде вработувањето без овој став, отколку со овој став. Ниту на националностите ќе им значи нешто ова, ниту пак ќе има некое објективно мерило или критериум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот на член 55 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за менување на став 4 со два нови става поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Збор бара г-дин Исмет Рамадани

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа, поради значењето јас би сакал уште еднаш да ве потсетам односно да ви го прочитам текстот односно ставот 4 од членот 55.

"Во единиците на локалната самоуправа со мешан национален состав при изборот, именувањето и вработувањето на лица во органите на единицата на локалната самоуправа ќе се настојува да се обезбеди соодветна национална застапеност, без да се нарушува принципот на стручност".

Нашата интервенција е во истиот став со текст кој гласи:

"Во општините со мешан национален состав при изборот, именувањето и вработувањето во органите на општината, јавните институции, јавните претпријатија чиј основач е општината ќе се обезбеди соодветна национална застапеност без да се нарушува принципот на стручност".

Во што е разликата? Мислам дека во текстот зборот "се настојува" звучи премногу декларативно. А, тоа што звучи декларативно не би требало да стои во законот, односно во одредбата.

Исто така, нашето образложение е дека од моменталната ситуација т.е. состојба. Па, дами и господа вие веројатно знаете или колку сте заинтересирани за тоа, имаме некои информации што ги имавме и како пратеници поставени тука, па имаме и од најновата

информација на Владата на РМ дека застапеноста на националностите односно припадници на националностите во органите е толку, да кажам само симболична, што навистина овој закон односно оваа одредба може да помогне да се подобри таа состојба, меѓутоа не со нешто што е декларативно, туку со одредба односно законска одредба.

Сега, често тоа се злоупотребува и се коментира така дека тоа е нешто социјалистичко итн. Националната структура на една држава односно на една земја не е нешто што останува од системот социјалистички или како што бил или како што е сега, тоа е отсликување и во органите на , во овој случај, локалната самоуправа на реалната состојба на населението кое живее. Јас не денеска, еве уште можеби, малку размислував кога расправавме за овој закон, мислам дека г-динот Стојановски рече дека не може да се живее, така нешто слично, не може да се живее во општина Тетово затоа што како ќе се живее ако таа структура се менува во органите на управата? Дали прашува г-динот Стојановски како може да се живее да речеме во општина Гази Баба или во таа локална единица што ќе биде утре каде што нема застапени односно има само еден застапен од националностите или да има застапен албанец во органите?

Јас мислам ако сме граѓани на оваа држава и државјани на оваа држава, тогаш нашата застапеност мислам дека е голема реалност ако застапеноста биде по основ на структура на население кое живее во одредена општина односно одредена локална единица. Затоа јас мислам дека треба да се прифати, со тоа што да се брише зборот "настојува туку да остане тоа како определба со што би се подобрила националната структура во органите на локалната единица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владо Поповски.

VII/8

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој пат би сакал да објаснам. Имено, навистина разликата меѓу основниот текст и амандманот е , во основниот текст е "ќе се настојува", а во амандманот "ќе се обезбеди".

Прво, тоа значи принцип од кој ќе се раководи натамошната практика, принцип, смисла и дух.

Второ, тоа значи императивна норма што како последица автоматски означува отпуштање од работа на некој дел или бројка од вработените само затоа што се од некоја националност, која и да е. Во случајот, ако има таму повеќе македонци отколку пропорцијата на макеонци, ако има повеќе, да речеме, власи отколку што се во пропорцијата власи, срби ако има срби ќе се отпуштаат и евентуално некаде ако има албанци повеќе и албанци би се отпуштале. Тоа би значело апсолутно национален клуч кој како правна форма веднаш би се применил во областа на јавните служби, управата, локалната самоуправа, државните органи. Норма и практика која што би требало да следи, непозната како правен принцип и во правните поредоци.

А, како политика, веројатно невозможно да се прави, а без да се стабилизираат односите. Јас милам дека ние градиме институција и односи во реална средина, а тоа значи во затекнати односи, декларираме одредена политика,создаваме механизми за поправање на негативното насилство и мислам дека во степенот во кој ќе бидеме способни да изградиме механизми, да покажеме однос позитивен низ новата политика, новите норми и механизми да го промениме негативното насилство ако е тоа и во областа, а се согласувам со голем дел од аргументите и примери што беа изнесувани и во областа на вработувањето, особено во јавните служби и сл. Дека ќе биде тоа важно реално да се спроведе. Меѓутоа, тоа би се спроведувало веројатно и единствено можно низ една постапка во определено време или веројатно би се спроведувала така и  толку брзо и во толкава мера во која ќе се

стабилизираат комплетните елементи и односи во заедницата.

Во таа насока амандманот не може никако да биде прифатен затоа што би значел мерка која би паднала комплетно не само уставно, туку и морално и која што би нанело повеќе кратна штета од колку што би донела каква и да е полза.

Остануваме на основниот текст од законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика бара г-дин Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Репликата се состои во тоа дека ние, мислам дека доста чесно додаваме таму дека министерот за правда донесува посебен акт со кој се определува начинот на спроведување на одредбата од став 4 на овој член.

Значи дека кога веќе образложив јас, јас не мислев дека одеднаш сега ќе се оди таму, ќе се распушти се па ќе се менува структурата. Меѓутоа, ако цело време зборуваме за некоја интеграција и да ги почувствуваме тие институции и да ги чувствуваат сите граѓани без разлика на нивната национална припадност, тогаш тие не само што имаат обврски, туку треба да имаат и одговорност. А, институциите се чувствуваат со одговорност и обврски. Затоа додаваме таму дека министерот и не може тоа да го прави баш волонтерски како сака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;:**

Г-дин Таири има збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Еден дел од тоа што јас сакав да го кажам со последната реченица го кажа г-динот Рамадани.

Имено, за да се има доверба во органите што одлучуваат во име на граѓаните, навистина е потребно во доволна мера да се отслика таа национална структура, за да се чувствуваат и тие органи кои одлучуваат како свои.

Во овакви случаи како што е во сегашниот момент каква е националната структура на органите на државната власт, во голема мерка и субјективниот момент влијае граѓаните да се почувствуваат дека некој нешто им ускратува само поради тоа што тој орган на управата е комплетно пополнет со граѓани од одредена националност, со што кгј другата националност се создава недоверба кон тој орган.

Вториот момент што би сакал да го истакнам во врска со ова прашање е тоа дека не би требало да се согледува само од гледна точка на остварување на правата на националностите со оваа наша интервенција туку токму да се обезбеди една рамнотежа во живеењето во сите општини каде се со мешан национален состав.

Имено, не се работи тука само за општините каде се албанците во малцинство, како што е Скопје, Куманово и др. каде што сигурно дека на овој начин, а не ја исклучувам состојбата и во општините Тетово, Гостивар и некои други каде албанците би биле во мнозинство и би имале можност да одлучуваат во советите односно би го имале градоначалникот, туку и во другите општини каде тие се во малцинство.

Идејата ми е дека тука ќе се создаде една чудна ситуација на натпревар како што ја имавме при изборот, при конституирањето на новите собранија во општините, Тетово, Гостивар и Дебар, помалку во Дебар, а исто така беше присутно во голема мерка во Скопје. Во Скопје, неколку месеци или речиси една година одборниците албанци не учествуваа во работата на Собранието затоа што бараа исто како и нивните колеги во Тетово и Гостивар да учествуваат во поделбата на власта. Смета дека за такво нешто не треба да бидат уредувани такви

прашања само со ваква декларативна одредба каква што е содржана во членот 55 став 4 туку треба Министерството за правда односно министерот или Владата или на некој друг начин да се најде механизам со кој што сето тоа ќе се настојува да се обезбеди.

При ова, јас ги ослободувам од стравот сите пратеници македонци дека албанците при ваква една определба ќе вработуваат односно ќе конкурираат на одредени места каде што се бара определена стручност со лица кои не се стручни. Во секој случај нема да може еден ѕидар или занаетчија да конкурира на местото на еден правник или економист. Тоа е исклучено. Ќе се бара соодветен профил за обезбедување на начинот на кој ќе се спроведува оваа одредба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Ја поздравувам инцијативата на предлагачот што најде за сходно еден таков став, меѓутоа, при една подробна анализа на ставот морам да речам, во последен момент бидејќи не излегов со амандман, ќе ја искористам приликата што и министерот е тука да го доразјаснам.

Имено, ако прецизно се чита овде вели "во единиците на локалната самоуправа со мешан национален состав при изборот именувањето и вработувањето на лица во органите на единиците на локалната самоуправа..." органи на единица на локална самоуправа се советот, градоначалникот, управни јавни административни органи. Ако ова вака стои образложение, тоа имплицира во изборниот закон за избори во единици на локална самоуправа да се обезбеди или д се настојува да се обезбеди соодветна национална застапеност што е спротивно со законот за избори. Велиме членови на Советот се избираат во тајни и непосредни избори. Бидејќи стои изборот, стои и органот, доколку постои таква интенција ова ќе има свои импликации во изборниот закон каде на одредени национални колективитети ќе се настојува да се обезбеди барем едно одборничко место во Советот. Доколку тоа не е интенцијата би требало да постои корекција во тоа, да се брише изборот и место во органи на единици на локална самоуправа да се напише во управни и административни органи. Треба да постои јасна динкстинција оти вака формулирано имплицира понатаму во изборниот закон да се настојува да се обезбеди место. Во тој случај ќе интервенирам со овој амандман, ако е таа интенцијата да не стои изборот и место во органите да стои во управни и административни органи. Тогаш веќе формулацијата е јасна и прецизна.

VIII/2

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Коинцидентно со мојот имењак, по крв и месо бидејќи јас имам амандман по тој член, за став 4, да не гласаме два пати, со надеж дека ќе се усвои овој амандман, .рамо нешто накратко да кажам.

Се е тоа добро речено дека ќе се обезбеди соодветна национална застапеност, меѓутоа, веднаш една мала запирка доаѓа и се вели веднаш се нарушува принципот на стручноста. Точно да ви гарантирам дека тој принцип ќе се наруши и тоа како. Ова е од минатото, од монизмот. Знаете се зборуваше тогаш ќе биде, ќе се настојува, ќе се потрудиме, утре, задутре и никогаш веќе таа рамноправност и онаа национална застапеност не беше задоволена. Значи, сега зависи тоа од волјата на тие што одлучуваат, факултативност, така ли или не, ќе биде тоа секогаш и алтернативно, а јас сметам дека овој амандман на мојот колега, а следи мојот амандман, истиот, па да не излегувам два пати истиот да го образложувам треба да се прифати и те како, затоа што и понатаму ќе има разни злоупотреби. Да речеме не само да има тој стручна подготовка, но штом завршил во Приштина, значи тоа веќе не е релевантен документ, не вреди и затоа не може да се прими. За тоа сме имале безброј случаеви и до сега. За тоа сметам дека една мала работа место она идното време, овој глагол "ќе се настојува", оно сегашното историско, се обезбедува и работата е завршена за децении.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас бев спомнат но и без тоа со Исмет ние си имаме муабети почесто на овие теми.

Низ една запирка, убаво рече Сали, може многу работи да се провлечат или да се занемарат.

Јас сега би дал една антитеза на она што се изнесува тука. Состојбите во општините Тетово, Гостивар, Дебар да го оставиме затоа

што шансите таму, покрај Газменд Ајдарага се никакви за било кој противкандидат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте така да разговарате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам.

Темата е пресериозна, но г-динот Ајдарага ми упадна од место и затоа сметам нема проблем за понатаму.

Јас од Исмет Рамадани минатиот пат не бев добро разбран. Јас не реков страв или плашење туку употребив многу исправен збор, зборот "бесперсмективност". Ако се оди во крајна цена практично таму а се создава нешто што е определба на повеќе политички партии во оваа држава што ги интегрираат Албанците. Според тоа постои разлика меѓу страв и бесперспективност. Ако во овие општини и со овој закон практично, за мене не постои разлика помеѓу она "ќе се настојува" и "ќе се обезбеди". Во тие средини тоа едно исто е. Ќе се обезбеди и тоа многу повеќе од тоа што треба. Сега да одам по ред.

Веднаш да расчистиме, едно е национален состав, што е нормално, најважниот податок. Второ е, при конкурирањето за работно место соодветна популација која ги исполнува тие услови.

Како податок. Ние самите знаеме, поради традиција и се друго дека еден добар дел од одредена популација на националностите воопшто не е заинтересирана за повисоко образование од основното за кое што е обврзано. Според тоа сега ако се појде од тој податок, јас ќе ви кажам еден податок што и вие го знаете а тоа дека во средните училишта од осмоодделенците од Албанците, од женскиот пол имаат

интерес да го продолжат своето образование меѓу 10 и 7%. Според тоа, ако сето тоа го ставиме како заеднички појдовен именител, дали може ние да бараме соодветна застапеност. Сигурно дека тука мора да има одредено разбирање за она што е вистинска состојба.

Втора и многу важна работа овде е тоа што Уставот на РМ овие денови се нарече националистички, оваа држава се нарече и болшевистичка и комунистичка и кои се не епитети ние моравме овде да слушаме. Ги слушаме трпеливо во интерес на дигнитетот и достоинството на овој парламент, а пред се во интерес што сепак јас ќе го речам, вие колеги се залагате преку законите, јас и дефакто велам, мора да има интерес за заедничко живеење и заеднички соживот. Прерано ја исфрливме синтагмата соживот, а соживот е ако живееме едни покрај други. Ние Уставот го направивме еден современ супермаркет од кои што извлекуваме секогаш она што неи одговара. Она што не ни одговара не го читаме, едноставно го прескокнуваме. Еве ќе ви кажам една пример.

Во членот 115 каде се цитираат интенциите на локалната самоуправа никаде не стои средното образование, никаде не стојат средствата за јавно информирање. Законот ги предвидува како компетенции, се оди подалеку. Овој Устав не беше изгласан, вие знаете. Не беше изгласам Референдумот за самостојност, не беа излагасани многу други работи, така како што треба да биде за да имаме доверба и практично да можеме и ние овие закони овде и се што е тука да го браниме во своите изборни бази. Ако се пишуваат постојано писма против оваа држава до сите форуми, јас се прашувам сега каква доверба треба и како таа треба да се стекне, а од друга страна се распишува референдум за Илирида., успешен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За амандманот ве молам зборувајте.

**ТОМИСЛАВ СТО ЈАНОВСКИ:**

Точно тоа е суштината на амандманот г-дине потпретседателе. Јас бев и прозван.

Според тоа, онаа антитеза сега ќе ја елаборирам.

Во овој Парламент при 120 пратеници ние избравме потпретседател Албанец, а ако бевме гласачка машинерија не мораше тоа да биде.

Во Владата на РМ има 4 министри, 5 имаше, па заменици, помошници и тн. што според бројот на населението, ако се оди по некој клуч не мора да биде така. Желбата за застапеност на сите е доминантна и воопшто, потполно сум согласен со таа желба.

Сега, другата страна. Дали ние исто така се однесуваме во единиците на локалната самоуправа, антитеза и една споредба. Цели 5 години гостиварското собрание работи без ниту еден одборник претставник од македонците и другите. Тетовското собрание исто така е еднонационално, со неколку одборници. Дебарското собрание е исто така еднонационално. Зошто воопшто не ги поставиме желбите за заеднички живот, за толеранција, таму да се избориме за застапеност. Во тетовското собрание менуваме претседатели на извршни одбори и тн. и сега некој тука вика ми се крена косата на глава, на минатата седница, ако се случи со нова територијална поделба некои од националноста да биде во некоја територијална целина каде што нема да биде во можност да го употребува јазикот на националноста во значителен или мнозински

дел. Што да речат македонците ако во 19 53 година со пописот, во оваа држава имало само 12,4% Албанци сега ги има скоро дупло, па не косата да ни се дигне, треба главите да ни зовријат. Меѓутоа, тоа е вистината. Ние никогаш не се навративме на овие прашања, што е тоа популациона политика, што е демократска структура, која е иднина на заедничккот соживот. Ако е иднината некој да биде доминантен, да биде мнозински, тогаш практично дека мора да постои кај другата страна и резерва и мора да постои, практично, една бесперспективност. Тоа е она што го зборуваме, тоа е она што го имаме покрај нас. Зошто ние како пратеници не се надминеме себе си. Ние овде изгласуваме закон кој сите овие прашања на националностите според мене ги регулира исклучително добро. Јас прашувам што повеќе од ова што овој закон го предвидува. Има што повеќе: државотворност, поделба на суверенитетот и има нешто друго, една перманентна тактика да се создава еден конфликт, една тензија тука, да се бара многу повеќе, се знае нешто нереално, за да се другото, практично помине. И помина. Господа, и можеме да го завршиме законот и да го изгласаме и нека ни е на здравје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Исмет Рамадани има реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Прво би сакал да му одговорам на г-динот Стојановски дека за страв нема лек, посебно кога тоа преминува на халуцинации.

Јас ви велам г-дине Стојановски дека ние не сме муабетеле никогаш з а овие работи и немојте вака јавно да кажете дека си муабетел затоа што .....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте така, обраќајте се кон пратениците.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

За одредени работи ние, ама ич не се согласуваме затоа што тоа се твои размислувања.

Трето, јас како Исмет Рамадани гледам перспектива, во РМ гледам перспектива, ако сум 20% застапен во мојата општина Гази Баба. Дури гледав перспектива и кога немав ни еден посто и немам, а јас ви велам дека и вие треба да гледате перспектива во твојата општина и кога ќе бидеш застапен со 20% или колку те има Ве молам, затоа што и тие граѓани кога ќе бидат на тие раководни места се граѓани на држава Република Македонија односно на држава Македонија и тие ќе раководат врз основа на закони и тие одредби што ги пропишуваме. И зошто? Зошто ние влеваме некој страв, односно секогаш тоа го потенцираме. А, точно е, ако сакаш и понатаму да бидеш привилегован граѓанин затоа што си Македонец, тоа е твоја работ,а меѓутоа, јас мислам многу пратеници има тука, дека баш така како вие, не размислуваат.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, кога се одлучив да се јавам на говорница и да зборувам за овој амандман бев погоден од некои дискусии што тука се наведоа. Меѓутоа она што се нарекува соживот, она што некогаш се нарекуваше братство единство, мислам дека со овој амандман дава можности да се институционализира, дава начин како да се избегнат состојбите кои ни се јавуваат на теренот.

Почесто кога настапуваме овде велиме дека настапуваме само од позиција, од единицата односно од националноста на која и припаѓаме. Мислам дека таквите искажувања не држат од причина што заправо она што ќе го кажам сега, со прифаќање на амандманот се негира тоа. Познато е дека ние имаме општини каде определени националности доминираат, доминираат, можеби условно речено и во органите на управата и другите органи на јавни претпријатија и тн. Меѓутоа, ако сакаме ние да обезбедуваме, она што се настојува со амандманот да се обезбеди, на тој начин, заправо, ќе се избегнат тие состојби за кои и г-динот Стојановски зборуваше, бидејќи нема да се дозволи и во една општина каде што претежно, да кажам живеат Албанци, нема да се дозволува таа работа. Заправо и тоа се настојува да се регулира. Такви состојби имаме, можеби условно речено, да кажам и во Дебар. За едни работи има, за едни работи е пак обратното. На пример во единицата на катастарската управа од 8 или 10 вработени има само 1 Албанец. Тоа само за пример.

Што се однесува до прашањето што беше искористено овде да се каже дека националностите немаат право на образование во вториот степен, средното образование, мислам дека г-динот Стојановски не го прочитал Уставот и тоа така го рече. Затоа јас ќе му прочитам нешто од Уставот.

Став 4 од член 48 од Уставот вели: "припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Стојановски има реплика.

VIII/9

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека г-динот Ајдарага воопшто не сте ме разбрале. Јас го цитирав членот 115 од Уставот каде што се регулирани компетенциите на единиците на локалната самоуправа, а не правата. Ве молам тоа е една огромна разлика, суштинска, и мислам дека може да внесе една забуна и тука во Парламентот и во нашите познавања на правата и обврските кои што се неспорни. Точно во членот 115 во компетенциите на локална самоуправа, ве молам г-дине Ајдарага, член 115 воопшто, во компетенциите не е ставено информирањето и средното образование, а законот и тие надлежности ги дава во компетенција и на Советот и на градоначалникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:** (Продолжение)

Воопшто во компетенциите не е ставено информирањето и средното образование, а законот и тие надлежности ги два во компетенција и на Советот и на градоначалникот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и госпдоа пратеници. Како што гледате многу ретко излегувам на оваа говорница да зборувам, да кажам нешто заради тоа што знам според партиската определба победата кој<ја носи односно кој има повеќе пратеници и многу сум вџашен дури и зачуден што многу пати овде од оваа политичка говорница односно пратеничка говорница се изнесуваат некои податоци и некои мисли што создаваат недоразбирање меѓу народот, се зборува за некој наведен страв од не знам кого, да се разбереме, Садам Хусеин бил не знам кој таму, па клекнал на колена, еве и Милошевиќ таму станавме пријатели, а и Босна ќе се смири , немојте да шириме страв овде како да албанците ќе направат нешто не знам што. И ние и албанците и не знам кој ќе бидеме таму во НАТО - Пактот - Партнерство за мир. Па во Европа влеговме богати. Уште стравови ќе внесуваме.

Пратеничкиот состав овде е одраз на националниот состав на населението и партискиот состав на населението. Што е тоа е. Тоа ќе биде и во општините. И ова што се предлага овде мислам дека ова не потекнува од кој знае кога, ако можеле комунистите и социјалистите и други да мислат вака односно ако овде, ако ова има врска со изворни

права на граѓанинот и човекот право да дише воздух, право да живее, право да работи, право да се школува, многу ни е тешко што спомна колегата Стојановски тоа е и кај ромите. Многу е тешко што ќе дојде од прво одделение ќе има 15-16 паралелки, а осмо одделение 1 до 2 паралелки. Се загубија, се удавија. каде отидоа? Тоа ни е оној стар назив класно социјален состав, социјалниот состав што произлегува од националниот состав. Како да го измениме? Дали овој закон за локална самоуправа и ова што се предлага дали ќе даде поттик на тие луѓе како наши граѓани повеќе да се заземат за себеси, да не зависат од што знам што, но да помагаат во создавањето на благата на оваа држава во создавањето на сите општи општествени потреби, да помагаат, а не само да земаат од таму и т.н.

Јас мислам дека нема потреба од создавање на тензии на скоро секоја седница се слуша од оваа говорница како да овде има, а и порано во тие 4 години беше оправдано една страна едни, друга страна други и ќе се испоизедевме овде дури го усвоивме Уставот, осамостојувањето. Сега имаме се. На 31 ни. доаѓа Европскиот совет овде Совет за меѓунационални односи. Што ќе им речеме? Треба да им речеме, она што е, а ние усвојуваме заправо сите се заинтересирани што доаѓаат овде дали го усвоивме законот за локалната самоуправа, па потоа законот за територијална поделба и т.н. Догодина ќе има таму избори колку што знам, имам неофицијални информации.

Според тоа, мислам дека овој амандман само ќе придонесе нашето зближување биде стварно зближување,а кој од кого се плаши, што има да се плаши? Јас реков пред малку Садам Хусеин бил сила или ќој бил сила на тоа негово подрачје, но и над сила има сила. Дури ми е срам и ова што го спомнувам, па ние со аплауз, со ракоплескање влеговме во Парламентарното Собрание на Европскиот Совет, Советот на

министрите, зошто така зборуваме. Ајде европски да се однесуваме, па влеговме во Европа, срамота. Јас им се дивев на нашите луѓе таму кога беа кога зборуваше младиот г-дин Поповски на англиски јазик кога го читаше тоа се дивев, чесен збор. Да пробаме да се однесуваме така. Ние сами себе да се еманципираме, да се надминеме во овој поглед.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ме натера г-динот Стојановски да излезам на оваа говорница оти гледам две три седници фрла дрвја и камења на функционерите на Собранието на општина Тетово, ние сме навикнати на дискусиите на Томислав Стојановски кои се малку жалопојки ми изгледа и конфузни и опширно да ни држи лекции кои се контрадикторни меѓу себе. Меѓутоа, јас мислам дека тој тагува по некое минато време комунистичко, социјалистичко кога беше се и сешто и имаше можност за влијание врз тие општински функционери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Вејсели дајте за амандманот зборувајте.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Меѓутоа, реалноста е тоа, градоначалникот го избира народот, мнозинството е од албанска националност и градоначалникот ќе биде албанец што да му правиме, нема да има влијание, но тоа е тоа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Вејсели не се конфузни моите искажувања туку конкретни со ставови и јас сметам дека давам придонес за овој закон затоа што давам примери и негативни и позитивни, а што се однесува до минатото и сегашноста и Вашето сегашно многу ценето и многу афирмирано влијание во Тетово веројатно ќе помине затоа што веројатно ќе завладее законот и правото. Тоа е едно.

Второ, а ако ве интересира бидејќи на минатата седница не бевте тука, порано си заминавте, јас ги критикував македонците преку кои партиципираме во општинското собрание во Тетово. Јас најмалку сум го критикувал, знаат тука сите, градоначалникот на Тетово, туку сум го критикувал точно претседателот на извршниот одбор на Тетово кој го донесе некој што му одговара, кој претходно има кривична пресуда од 4 месеци...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дајте за амандманот разговараме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас морам да му реплицирам на мојот колега за да имаме јасни ставови и потпретседателот на Собранието ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Репликата треба да биде во функција на расправата по амандманот.

IX/5.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

... кои практично се во функција на лична корист и профит. Јас сум должен тоа да го изнесам и воопшто јас не правам разлика кога дискутирам за тие состојби во раководството на тоа Собрание по национална застапеност. Можам да бидам дури и повеќе загрижен што македонците ги презентираат луѓе од тој калибар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас Ве молам навистина да се придржуваме деловнички да расправаме за темата.

Има збор г-динот Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги. Јас суштински гледано сум склон да мислам дека предлагачите на амандманот имаат право за да се актуализира проблемот на некој начин и преку оваа наша јавна политички трибина и тука и пред органите да се создаде одредена политичка волја на организираните политички сили, а пред се водечките да ја оствариме политиката која законот на еден начин ја иницира, амандманот можеби повеќе ја потенцира, меѓутоа, тие имаат единствена цел. Органите да се градат на власта, на управата, администрацијата како заеднички органи на сите овие граѓани, да им служат на овие граѓани истите тие да ги примаат како свои органи и така да се однесуваат спрема нив. Сега можеме долго да спориме околу тоа дали амандманот некому му зема или некому му дава или дали самиот текст на Предлогот на законот води кон ова. основната цел е следната: Мислам дека начелно околу тоа се согласуваме, сега сите имаме некое

подозрење во практичната примена дали некој или нешто ќе биде оштетено. Дајте да го надминеме тоа. Ние имаме за цел да обезбедиме заеднички живот со партиципација на сите. Дури овде не се вика сразмерно, туку соодветно, а соодветност значи да се почитуваат сите други принципи не само самата пропорција, туку и квалитетот и способност да се оствари задачата, а и довербата на граѓаните во поширока смисла на зборот во секој орган и во секоја организација. Мислам дека ништо нема да погрешиме ако се прифати амандманот, а ништо нема да недостига доколку постои политичка волја и вака како што пишува ние да ја спроведеме таа заедничка волја на сите. Јас сум за амандманот, но не треба да се плашиме ако ни стои политичката волја од една страна доколку довербата ни зајакне, доколку квалитетот на работата на сите органи ни зајакне, доколку сите подготвуваме луѓе кои ќе бидат одговорни спрема сите подеднакво, мислам дека задачата ќе ја оствариме на успешен начин особено ако се прифати оваа дикција која е предложена во амандманот. Затоа мислам да се задржиме на она што нам ни претстои, ние можеме минатото, колку сакате , да го критикуваме, имаме тешки трауми но има и некои правни вредности кои ни останаа во наследство. Затоа политичката волја сега ни е битна на сите за да создадеме атмосфера пред се, следи нашата јавност, а и внатре во нас дека ние мораме да градиме заеднички органи кои ќе управуваат со општествените работи зашто е тоа во интерес на сите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само кратко би обрнал внимание на г-динот претседавач, бидејќи мимо она што го бара му дозволи на г-динот Томислав

Стојановски да каже работи кои немаат врска со амандманот, јас само ќе се осврнам накратко на некои забелешки за да се информира јавноста дека навистина г-динот има предиспозиции да дезинформира. Зошто го кажувам тоа? Јас на почетокот на мојот парламентарен мандат поставив пратеничко прашање кое се состои во следното. Која е националната структура на корисниците на Републичкиот буџет во Република Македонија. До ден денеска немам добиено договор, па затоа не сум склон да прејудицирам дали албанците партиципираат во институциите на власта со 1%, 2, 3,4,20, 50,90, па оставам кога ќе се одговори на тоа пратеничко прашање да добиеме точен одговор и тогаш ќе видиме дека во државната администрација, во јавните претпријатија, во економијата и во сите сфери на животот далеку отстапува партиципацијата на албанците од тој број утврден со последниот попис односно 23%. Тогаш оставам да развиеме дискусија и да потврдиме која е точната информација, но јас сум длабоко убеден дека тие податоци што г-динот Стојановски ги кажува апсолутно немаат врска со вистината.

Второ, што се однесува до гостиварското Собрание јас сум должен да информриам, бидејќи доаѓам од таа комуна, дека до ден денеска се оставени празни раководни места во Собранието. Значи постои празно потпретседателско место на Собранието каде, за жал, не се покажува волја од македонските одборници да се земе, дури на последната седница која вчера се одржа прв пат дојдоа на седница четворица македонски одборници што е за поздравување. Значи причината не е кај албанците кои се во мнозинство, туку таму каде е, но јас мислам дека сигурно и овој проблем со време ќе се надмине. тоа е вистината.

Понатаму, оставам во врска со бројките изнесени околу пописот кој колку е да расправаме кога ќе го анализираме извештајот од пописот и

тогаш ќе дојдеме до сосема други нумерички бројки што овде ги изнесе г-динот Стојановски.

Мислам ,на сите ни е  јасно, немам илузии дека и на Вас не Ви е јасно дека уставотворните тенденции односно барања на албанците за службена употреба на јазикот и за адекватна застапеност имаат политички легитимитет, демократски легитимитет и истите од тие политички снаги кои ќе ги претставуваат албанците или ги претставуваат секогаш ќе се бара да се остваруваат. Никој нема такво право да им го негира , бидејќи тие тоа сакаат да го остварат по демократски пат, а не по други патишта, Ве молам.

На крајот би рекол во врска со средните училишта дека наводно "албанчињата" како г-динот Црвенковски или "македончињата" ги спомна тогаш дека учат средни училишта односно партиципираат во учење само со 7,8%. Тие податоци сигурно не се точни, но сигурно учењето на албанците односно на жената албанка девојчињата не е адекватно на времето, но се поставува прашањето зошто е така. Тоа е така од проста причина што албанците немаат право, барем досега, за образование во високото школство на албански јазик и токму тука лежеше проблемот за неадекватна заинтересираност за острвување и на тоа право

На крај сакам да изнесам дека не би било пожелно да манипулираме со недефинирани и докрај измислени бројки. Јас покренувам иницијатива Владата, бидејќи ги има тие податоци, да ги обелодени пред јавноста, па дури тогаш ќе можеме да расправаме кој има перспектива односно кој имал перспектива и кој бил без перспективност. Само на база шифри, бројки и аргументи и никако поинаку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Патем г-дине Османи јас немам никакво право на цензура на ниедна дискусија.

Г-динот Стојановски има реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Г-дине Османи јас не реков никакви бројки туку само две бројки реков спрема пописот од 1953 година и другата бројка опфатот на ученици и ученички во средно образование. Она што се однесува за албанчиња тоа е синоним на млади луѓе како што Вие употребивте подоцна девојчиња.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Османи има реплика.

Јас Ве молам да се држиме на амандманот што е тема на расправа.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам дека ќе се најде разбирање ако може некој да излегува десет пати на оваа говорнИца за овој амандман сигурно дека и јас сакам да изнесам токму од аспект на ова .

Што се однесува до пописот треба да ти биде јасно г-дине Стојановски дека таа критична година неслучајно бројката на албанците ја искажуваш 12% од причини што во тоа време , во време на Ранковиќ грото од албанците беа присилени да се изјаснуваат како турци и да емигрираат каде? во Турција. Тука е целата вистина, Ве молам а јас реков за таа бројка ќе расправаме , бидејќи имам фактографски податоци зошто, да кажеме македонското население во континуитет во Македонија од 1945 година до последниот попис се движи во проценти 65, 67 мимо"големиот наталитет"кај албанците, но тоа го оставам за други времиња.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, тоа е друга тема и ако биде на дневен ред ќе расправаме.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека постои еден хендикеп кај нас пратениците, можеби ако донесеме некаков заклучок, да го прифатиме амандманот или да не го прифатиме, можеби не сме до крај информирани од правниот аспект заради тоа што мислам дека деловнички можеби и временски сме ограничени до крај да можеме да дадеме право толкување на поднесениот амандман, од сите пратеници, и едните и другите.

Гледаме дека од Законодавно-правната комисија немаме извештај. Можеби и ние правиме напори да не создадеме услови Законодавно-правната комисија да се произнесе по секој амандман, за да во прва фаза се прочистат одредени дилеми. Кај мене е основна дилемата дали поднесениот амандман не е против уставен имајќи во предвид, не сум правник имам скромно правно познавање, кога ја толкувам точката 2, економски, социјални, културни, правни права на граѓаните во Република Македонија поврзана со член 32 и лично би сакал во оваа прилика и министерот да се произнесе по ова. Ако го прифатиме амандманот дали нема да ги нарушиме уставните определби. Јас лично како Бранко кога го усвојувавме и Уставот и Законот за работните односи и другите позитивни законски прописи кои се регулирани во однос на економските,социјалните и другите права, сите граѓани се подеднакви. Тие еднакво имаат право на вработување, еднакво право без нивно национално обележје. Ние не можеме сега, само еден прост пример ќе кажам. Ако во една локална самоуправа во моментот имаме вработено албанец, сега се распишува оглас да се вработи уште едно лице. Според тој амандман кој бил прифатен односно што е поднесен ќе дојдеме во ситуација дека јас немам право на работа, мислам да конкурирам на тоа

работно место заради тоа што пред мене има турчин, албанец, србин, ром, влав и тн. и тн. Тоа го карикирам. Затоа за мене граѓанскиот концепт на Уставот дозволува сите граѓани да имаме еднакви права на вработување и на секое работно место подеднакво да стартуваме. Јас се плашам сега, ако го прифатиме овој амандман ќе дојдеме во таква ситуација да уставно ние погрешиме. Не случајно сега апелирам зошто Законодавно - правната комисија, дури и го повикувам претседателот да даде толкување на овој амандман. Инаку, во суштина кај мене не постои никаква бојазност дали ќе влезе во управата, а во управата ќе стои албенец, македонец, турчин и тн. Јас имам доверба како секој граѓанин основно е да е тој компетентен, стручен и да е пред се човек. Инаку, ние во праксата среќаваме и да е македонец па да е голем бирократ, па не можеме да ја имаме таа услуга што ја очекуваме за да оствариме некое право кое сакаме. И да е албанец исто така бирократа. Значи, не е битно какво обележје носи, каков е човекот, како може тој да си ги изврши компетентно, стручно до крај условите. Инаку, ако одиме на тоа застапеноста на националниот состав ние ќе дојдеме во ситуација во една локална самоуправа некој си албенец да биде вработен откако ќе му дојде некој си ред, или македонец и тн. Во таа смисла господине министре мислам дека треба да го дообјасните ова за да можам понатаму јас да се одлучам дали треба да гласам за амандманот, или за основното решение. Дури мене и основното решение ми создава мала дилема, меѓутоа тоа не е императивно така да во таа ситуација само овозможува.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Основното решение е принцип кој што во односната област треба да означува раководно право. Предлогот во амандманот императивна

норма и тоа апсолутно значи промоција на национални клучеви кои што треба да се применат на самата состојба на вработените и кои што треба да се применуваат при секое идно вработување Вториот став воопшто не ја надминува промоцијата на националните клучеви од првиот став, бидејќи вториот став само означува "министерот за правда, или надлежниот министер само ќе го уреди начинот на кој ќе се обезбеди соодветната национална застапеност во органите на управата и администрацијата". Тоа значи практично дека треба да се донесе некој правилник со кој ќе се каже дека тоа или се прогласува за вишок на вредност или се преземаат во други органи, или им се обезбедува пензија, или им се обезбедува надомест во некоја година, што значи дека основното решение на императивната норма е тоа што треба штом стапи законот на сила да се спроведе. Мислам дека е норма таква, со такви ефекти и со такво значење не се усогласува со ниту еден правен поредок во Европа, можеби и на други места. А за идните примања, токму би значело дека потребен е еден извршител, на пример за комунални работи албанец, потребен е еден извршител во областа, на пример, стручен соработник во канцеларијата на главниот архитект, на пример влав, турчин или друго бидејќи би се имало шема на структурата. Поимот соодветно значи да соодветствува на некоја матрица тоа, како што велите е националниот состав на населението и дека сите конкурси би биле на таков начин објавувани. Тоа не сум го чул јас, можеби го има некаде, но кажете каде да прокоментираме што тоа значи.

Сосема би бил спротивен на Уставот еден таков императивен член. Мислам дека Законот за локална самоуправа создава други решенија кои што се реални, а тоа се механизми, надлежностите кои што се врзуваат со одредени органи и носители и мислам дека ако ние под претпоставка да создаваме еден реален механизам на институции и на надлежности

во локалната самоуправа постапно така како што животот налага и така како што е сосема нормално со оглед на сите параметри на реалноста, а тоа значи и на затекнатата состојба и на правата на сите како граѓани на Република Македонија во една излезна перспектива, бидејќи тука функционира и Законот за работни односи и колективните договори кои што го гарантираат статусот на вработените доколку тој ги исполнува своите работни обврски и ги исполнува сите услови на работата што значи при една правна држава, која што се држи до закон и кои соодветни механизми во една реална перспектива ќе го надомести она што е негативно во наследството. Но да се пресече и да се донесе одредба со која што ќе создаваме национални клучеви тоа апсолутно не само што не е уставно, туку не е ниту цивилизациска норма каде и да е во светот што признава минимум на такви норми.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидејќи потпретседателот односно претседавачот не спречи некои излегувања односно искажувања кои беа надвор од амандманската расправа по овој член, јас ќе се осврнам на две искажувања за кои сметам дека беа битни во искажувањето од оваа говорница.

Првото е неизгласувањето на важните државни акти и пишувањата писма против државата. Особено се осврнувам на оваа теза, пишување писма против државата, која што сметам дека не е во согласност со тоа што е намерата на овие наши активности. Сметам дека ние никогаш не сме пишувале писма против државата туку сме пишувале писма во кои што сме посочувале состојби во државата и бараме начин тие да се изменат. Додека со тоа неизгласување на важните државнички акти и намерата да се потенцира таа нелојалност на албанците кои што на

многу начини се искажува сметам дека не држи, затоа што упатува на апсолутна лојалност на албанците и како таква нема да ја има никогаш во оваа држава.

На крајот само би сакал да кажам дека доколку оваа одредба и не може да се уреди со акт на Министерството, можеби во овој закон би имало место во преодните и завршните одредби да се определи начинот на кој што ќе се остварува тој принцип определен во член 55 став 4, или пак да се појасни од оваа говорница од страна на министерот доколку може да се објасни, ситуацијата во која што во некоја општина каде што националната структура на вработените нема да биде ни приближно израз на националната структура на населението каква ќе биде постапката при вработување на некое лице во тој орган. Дали при конкурирање на некој припадник на националноста доколку се одбие тој и во случај кога е неповолна таква национална структура, тоа аргументирано може да се докаже, дали тој ќе има право да се обрати до суд повикувајќи се на оваа одредба од Законот, или пак се тоа ќе се оствари на добра волја на тој што одлучува за тоа прашање.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседтеле, почитувани пратеници, јас најпрво благодарам пред се на еден од колегите што го цени толку мислењето на Законодавно - правната комисија, иако не расправала инаку да го изнесам моето мислење, иако не е пракса пратениците да ги повикуваат, но во интерес на расправата и расчистување на односите ќе се обидам барем да објаснам некои работи во однос на овој амандман и основното решение.

Пратениците и во овој парламент не се среќаваат прв пат со овој проблем на решавање на националниот клуч, односно застапеност на националностите по однос на вработувањата. Вакви амандмани и Законодавно - правната комисија изгради одредени ставови и вас ви ги достави извештаите. Тоа прво беше со Центарот за образование на кадри во Министерството за внатрешни работи, потоа истото се појави во Законот за воената академија, а потоа одредена волја и вакво решение се појави во Законот за судовите. На предлагачите на амандманот многу им е јасно, мислам дека не треба да елаборирам и ставот на министерот е многу јасен и гласен и не би го коментирал, воведувањето на национални клучеви во која било област особено во вработувањето е спротивно на нашиот устав и нашиот правен поредок. Тука е друго прашање и е регулирано со членот 55 став 4, за кој зборуваше и пратеникот Хисен Рамадани. Тоа е она што треба нас да не држи и да не врзува во развој на нашата држава и нашиот демократски просперитет и развој, тоа е политичката волја и политичките субјекти кои учествуваат во овој Парламент и надвор од Парламентот, а пред се на граѓаните.

Благодарение на развојот на таа политичка волја морам да ви кажам дека во претходните два три цитирани закони ни ваква варијанта од овој парламент не беше прифатена, а ваквата варијанта мислам дека претставува чекор многу напред и би требало да бидеме сите задоволни. Тоа се направи во Законот за судовите и мислам дека оваа дефиниција го задоволува тој дел на кој сите сме обврзани. Јас не би инсистирал на претходниот дискутант во однос на завршните и други одредби да биде регулирано ова прашање. Во секоја општина во која има повеќе национален состав и од една јас потекнувам се води грижа, се водело и сигурно и понатаму ќе се води се со една заедничка цел заедничкиот живот за нас и за нашите деца. Не би сакал овде јас да кажувам

примери, бидејќи имаше слични од Тетово, Гостивар и една општина како што сме ние, моментално иако имаме застапеност, претседателот на Извршниот одбор е од албанска националност без разлика на политичка припадност, и по сите други сфери. Тоа е оној концепт и дух и креативното толкуваше на Уставот во однос на нашите заеднички, изградба на законските проекти,законодавството. Сметам дека за одлучуваше на пратениците амандманот кој што се предлага е спротивен на правниот поредок. Не доведува до надградба на правниот систем и основите и начелата се во спротивност на уставот.

Овој начин на надминување, морам да кажам дека тука има доста заслуга и инсистирање министерот за правда во вакви формулации доведува до надградба на правниот систем и до остварување на целта на нормално, не клуч, но нормално функционирање на системот и во однос на граѓаните, во интерес на граѓаните. Сигурно гледате тука дека имате еден додаток на Комисијата, во секој случај министерот не кажа не на штета на стручноста и не на штета на граѓаните. Колку повеќе ги совладаме тие проблеми, толку повеќе ќе излеземе во однос на нашето заедничко живеење.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, познато е дека со нашиот устав поимот држава го проширивме на сите граѓани. Сега ние разликите околу етничката и граѓанската свест само различито ги толкуваме, односно познатиот облик на граѓанска демократија како претставништво на индивидуа, а не на колективитети се доживува на искривен начин. Граѓанскиот концепт има за стратешка цел етничката хетерогеност да ја трансформира во етничка толерантност за да не дојде

до манифестирање на деструктивен потенцијал што го носи во себе секој колективитет. Затоа овде за мене определбата се настојува е толерантен знак за граѓанска толерантност, а стручноста и компетентноста се врховната вредност пред која што ќе му овозможи на граѓанинот да ги остварува и правата и -слободите и обврските. Тоа што во овој миг на време состојбите во областа на стручност, компетентност односно на кадровскиот потенцијал се такви, тоа е само белег на ова време, меѓутоа, тоа не е нашата цел и не е перспективата на едно граѓанско општество односно целта е стварање стручни, компетентни односно на операционализирање на определбата правна држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 55 за менување на ставот 4 со два нови става, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 4 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Има збор г-динот Мирко Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Имам деловничко барање.

Почитуван потпретседател, почитуван министре, почитувани колеги, бидејќи за еден неуставен амандман изгубивме повеќе од 40 минути и бидејќи се оддалечуваме од текстот и темата, навлегуваме во расправа за меѓунационалните односи и други, дури се навлегува во сферата на мојата професија, барам да се продолжи по амандманите. Впрочем, овој закон не е ни анатомски атлас, па да не може да се измени. Законот за локална самоуправа, образложен добро од страна на министерот, г-динот Владо Поповски, во своето воведно излагање и во секое објаснување при амандманската расправа, а со оглед дека овој закон е работен подолго време, последната верзија е разгледувана и од голем број пратеници, претседатели на повеќе општини, од Заедницата на општините и градовите и дека овој закон не е непроменлив закон, во текот на својата примена ќе ги покаже своите недостатоци и предности и јас верувам дека во одреден период ќе дојде на ред и закон за измена и

надополнување и на овој закон. Предлагам колегите пратеници да ги оценат и проценат своите амандмани колку се прифатливи од страна на Владата и повеќето да ги повлечат, бидејќи непотребно се губи време, а Парламентот ќе работи поефикасно и подобро. Се стекнува впечаток од големиот број амандмани дека законот за локална самоуправа е спорен и не е по желба на подносителите на амандманите, но тоа е привидно. Сите амандмани можат да се поделат во две групи, едни кои се за прифаќање на овој закон, повеќето со одредени модификации, а вторите се против истиот, главно на два пункта - надлежностите кои се по едни премали и претесни, а по други преголеми и револуционерни. Најповеќе се спори околу процентите, колкав е процентот на мнозинскиот број , а колкав на значителен број.

Јас сметам дека Законот е добро дозиран и има можност да заживее со дополнителни корекции, подобрувања, измени и нови квалитети. Тој ќе биде прав и добар, ако е во корелација со територијалната распределба на поголемите општини и заедничките проблеми на граѓаните од една локална заедница од потесна територија со приближно исти проблеми од сферата на нивното живеење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Г-динот- Рамадани го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 3 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Содржината на овој амандман веќе е опфатена со амандманите вградени во законот, што значи нема потреба, не се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Предлагачите не се присутни тука.

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 59 став 3 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Предлагам пауза до 16 часот.

(Пауза од 15,20 до 16,25 часот)

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 1 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот. Целокупната проблематика со месните заедници се препушта на одлука на Советот на општината или на општините.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Видимче го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 1, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, но информирам дека има еден друг амандман, кој што поуспешно ја формулира истата намера и тој ќе биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 61 став 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 1 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

XI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 1 поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 61 за додавање на нов став 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот и само да кажам дека делбениот биланс е предвиден во член 61-а во амандманот на Владата и тоа решение мислам дека е комплетно доволно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Амандманот се повлекува

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 за дода- вање нова алинеја во точка а) поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

XI/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 во точката а) за додавање нов став, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко да кажам зошто јас не се согласувам со она што г-динто министер го прифати од претходниот предлагач, а слични амандмани има и други. Суштината е во тоа што додека ова прашање се регулира со закон, јас сум длабоко убеден дека тоа долго ќе трае и којзнае дали некојпат ќе се регулира. Поентата што јас ја имам предложено во суштина е скоро идентична, но јас квантифицирам и предлагам пет проценти од овие даноци и има оперативна смисла на зборот. Значи, тие се во корелација, но јас сум длабоко убеден од причини што Републиката има недостаток на средства во буџет, ова прашање со закон којзнае кога ќе го регулира. Само ова сакав да го кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62 став 1 во точката а) з§. додавање нов став поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Морам да кажам дека овој амандман содржи четири точка. Едната точка, веќе првата точка е апсолвирана и прифатена со претходниот амандман, точката б) и точката г) се прифатливи, а точката г-а) е прифатлива, а точката г-б) дел од концесиите не е прифатлива. Имено, ако во таа насока предлагачот на амандманот не го става во целина да се гласа, бидејќи првата точка е прифатена сосема со претходниот амандман, втората и третата се прифатливи, само г-б) или четвртата точка не е прифатлива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали предлагачот на амандманите прифаќа преформулација на амандманот?

Не.

Има збор г-динот Благоја Силјановски.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Со овој амандман од Комисијата за политички систем дојдовме да го обезбедиме она што е основно тежнение на општините и благодариме на разбирањето на министерот, кој покажа големо разбирање. Ќе бевме многу позадоволни ако го прифатеше уште последново, но вели дека е

XI/8.-

преголемо нашето барање и би се определил да гласаме за овој дел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, целиот, Комисијата станува на Предлогот.

Кој е за, молам да крене рака.

24 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62 став 1 поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 1 и за додавање на нова точка д) по точката г),поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ова е модификација на претходниот амандман, со тоа што тука се содржани оние точки што беа прифатливи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам, амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 за додавање нова точка по точката г), поднесен од пратениците Мевљан Таири Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Има збор г-динот Таири.

Владата не се произнела, а вие можете само ако го повлечете.

**МЕВЂЉАН ТАИРИ:**

Да го повлечеме, да кажам зошто. Амандманот беше поднесен под претпоставка дека ќе се прифатат амандманите предложени за зголемување на надлежностите во одредени области. Бидејќи тие амандмани не беа прифатени, на мислење сум дека овие проценки вака дадени се преголеми приходи за општината и од тие причини го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 за менување на точката д),поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во основниот текст во точката д) е содржан овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62 став 1 за менување на точка д) поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 за додавање нова точка ѓ) по точката д) поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Димитар Поповски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, во досегашните претходно прифатени амандмани е консумирана практично комплетно содржината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 69,70 и 71 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, се предлага да се брише комплетната глава за надзор. Надзорот како институт е легитимен, како принцип во Повелбата на Советот на Европа е познат и го вршат токму тие субјекти кои го имаат односниот легитимитет според Повелбата. Во Законот само се утврдуваат точно случаите во кои може да биде покренат, постапката на која може да биде остварен и дејството, кое го објаснив во едно од претходните образложенија по амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (од место)

Го повлекувам .

XI/11.-

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 69 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа од истите причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Пет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 69 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 69 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа од истите причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Г-динот Рамадани го повлекува амандманот.

Одиме понатаму.

XI/12.-

Отворам претрес по амандманот за менување на член 70 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо». Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа од истите причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Осум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 70 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 1 и 2 и член 71 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го повлекува амандманот г-динот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

XI/13.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува г-динот Рамадани.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 74,75,76,77 и 78 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ :**

Тоа е барање да се избрише комплетно главата за распуштање на органите на единиците на локалната самоуправа, амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Мене ми беше јасно дека овие амандмани нема да се прифатат, само уште еднаш да ве потсетам. Ова се многу слични амандмани односно оспоруваат неколку членови од 74 до 78 комплетно, цела глава. Јас мислам дека овие членови немаат никаква логика. Како може да се игнорира сам себе, како ќе беше Советот да се распушта, дали би се распуштил самиот овој Парламент. Јас мислам дека ние не би гласале никогаш сами себе да се игнорираме.

XI/14.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите 74,75,76,77 и 78, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 77 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 77 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

XII/1/РД/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 77 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 77 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 78 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е опфатен со амандман на Владата со основниот текст, значи нема потреба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 7 8 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот на членот 7 8 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

XII/2.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува г-динот Стојковски амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 9 за додавање нов став 6 по ставот 5 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги. Се работи за давање на еден нов став на овој член, морам да го прочитам бидејќи го немата материјалот.

На заедничките седници на Советот на градоначалникот може да присуствуваат и пратениците на Собранието на Република Македонија кои се избрани од таа изборна единица.

Овој амандман го поднесувам од причина што собранија имаме каде што одредени политички партии кои не се застапени во парламентот се на власт. Конкретно во Кичево каде што сум јас избран за пратеник, така да не ми е дадена можност да присуствувам на тие седници. Вака со оваа алинеја која; е во главата XI на овој закон каде стои за соработката меѓу органите на единиците на локалната самоуправа и министерствата и другите органи во државната управа. Мислам дека не го оптоварува законот. Бидејќи во суштина во иднина може да се случи кај нас вакво шаренило да го имаме.

И уште нешто сакам да додадам. Ќе ја искористам можноста да одговорам бидејќи индиректно Кичево беше спомнато од колегата од Кичево така да кој ќе биде градоначалник на идните избори за тоа ќе одлучат граѓаните на Кичево.

XII/3.-

Бидејќи не објаснив но кажав дека не се прифаќа. Се предлага во главата за соработка меѓу единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа да се вмешаат и пратениците носителите на законодавната власт, што значи сите три власти наеднаш да дојдат на едно место и да не се знае воопшто надлежноста, одговорноста, обичната простосрдечна добронамерна идеја да може да се запознаат меѓу себе да влијаат и слично, не смее да се институционализира бидејќи практично на тој начин се враќаме, се разбира, во еден мал сегмент на систем што претходно го имавме пред 1991 година во еден од Уставните решенија каде што пратениците на Републичкото Собрание учествуваа на седници на општинското собрание, па дури во едно од уставните решенија можеа да одлучуваат заедно со општинарите. Овој систем е комплетно нов и треба да се настојува максимално да се идентификуваат надлежните органи, нивната одговорност и е дозволено во рамките на ова само соработка меѓу единиците на локална самоуправа со органите на државната власт што имаат подрачни огранци. Дури и таа соработка на еден начин е консултативна со прелеваше на извесни влијанија и може да се разбере во системот овој нов елемент на пратеничкиот елемент е надвор од системот концепт.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

33 пратеника гласа аза.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 9 за додавање нов став 6 од став 5 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

XII/4.-

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 80-а поднесен од пратениците Мерсел Билаљи и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

На широко го коментиравме овој амандман. Не се прифаќа.

**МЕРСЕЛ БИЛАЉИ:**

Ние пратениците немаме секретарки да ни ги систематизираат амандманите, така што не сме ни во можност да ги проследиме сите тие амандмани и така дури и не знаеме за какви амандмани се работи. Всушност се работи за нов член кој ќе гласи: Единиците на локална самоуправа даваат годишни мислења за работата на подрачните единици на Министерството и работните единици на јавните претпријатија кои вршат дејност на нивното подрачје. Практично амандманот има резолутивно дејство, а не императивно дејство и е во склоп на тоа да се има ефикасност одговорност и функционалност во државната управа. Ако Министерот е расположен за компромис јас сум расположен да се повлече вториот став.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 80-а поднесен од пратениците Мерсел Биљаљи, и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 83 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски,и Слободан Најдовски.

XII/5.-

Не се прифаќа амандманот, целокупната проблематика и финансирањето на месните заедници се посредува преку општината.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед на број на присутни пратеници тешко може овој амандман да помине меѓутоа сепак сакам да напомнам сосема е јасно дека тоа е концепција на законот дека регулацијата на месните заедници ја препушта на општините односно на локалната самоуправа, меѓутоа, ја сакам да кажам дека сепак во Уставот е предвидено постоење на облици на месна самоуправа и дека месната самоуправа си го оправда своето значење. Сакам да кажам и тоа дека месните заедници освен тоа што вршат работи од локален карактер за месната заедница, месната самоуправа, локалната самоуправа, во изминатиот период го докажаа своето место во системот и месните заедници покажаа дека извршуваа одредени државни работи. Да се потсетиме само на референдумот за самостојна и суверена Република Македонија, таа активност ја носеа органите на државата, меѓутоа не беше за запоставување активноста на општините, како и месните заедници .Слично е при пописот итн. Поентата на сето ова ни беше дека месните заедници покрај овие сите работи вршат и државни работи и тие барем тој дел од државни работи кои ги вршат треба да ги финансира државата, не само локалната самоуправа, не само граѓаните. Ова е еден од случаите исто и кај урбанистичките планови иако се од локален карактер иако ги донесуваат органите на локална самоуправа има одредени работи кои ги донесуваат за министерството за урбанизам. Целата таа работа беше дека тоа финансирање ни сами не можат да го поднесат, бидејќи навистина и покрај сите овие работи се во крајно незавидна, и положба, без простор, без услови за работа и многу малку општини прифаќаат да ги финансираат. Така да по донесување на овој закон тие ќе се најдат во една тотална незавидна ситуација и нема да можат не само, локални,

туку и државни работи да ги извршуваат.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Морам да објаснам бидејќи во создавање на конфузија може да се случи да се усвои амандманот. Уставот вели во општините можат да се основаат облици на месна заедница, уставниот концепт би бил доколку би биле упатени на републичкиот буџет, во републиката можат да се оснивaат месни заедници, тогаш би била правно лице месната заедница и би стартувала на Буџетот односно на републички избори. Концептот е месната заедница на општината со статус на имотот на месната заедница и финансирањето, а општината ги побарува сите тие средства за месната заедница или ги обезбедува. Тоа е една работа.

Второ, во законот е покриена онаа ситуација што беше широко илустрирана дека месните заедници вршат и работи за републиката, каде што пишува во законот дека секогаш кога се делегираат надлежности и работи од страна на републиката, Републиката е должна да обезбеди средства со против и одредба во основниот тек на законот за локална самоуправа, но тоа е поврзано со општината. Што значи дека кога републиката ќе смета дека одредена работа може да делегира и ќе треба да се изврши од страна на општината, смета во исто време веројатно ако е логички и на месната заедница и одредува средства, па месната заедница ќе ги префрли. Предлогот на основниот текст е еден коегзистентен систем, а ова што се предлага е апсолутна една огромна конфузија со што инаку практично би означувала некои месни заедници да бараат пред Владата средства, прескокнувајќи ја општината, или пак и општината или пак општината да се ослободи од обврската на финансирањето на месните заедници. Имено, месната заедница е концепт на општината, и таа комплетно ќе ја покрива месната заедница, а се разбира и општината ќе влечи средства и за функционирање на месната заедница. Нема никаква размена во законот за тоа.

XII/7.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Сакам да кажам само една реченица. Овде се предвидува една можност со посебен закон да се утврди како и во кои случаи и кои месни заедници и како, бидејќи статутите во практика јас кажав месните заедници се препуштени сами на себе може би 50, 60, 70 осто од општините кренал раце и пред донесување на законот и не учествуваат воопшто во нивно финансирање. За илустрација само да напоменам дека точно е тоа дека кога обавува државни работи треба Републиката да ги надомести тие трошоци, меѓутоа, и за пописот и за минатите референдуми се уште не се исплатени ниту основните трошоци кои што ги направиле месните заедници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (28)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 83 за додавање нов став 2 по став 1 поднесен од пратениците Зоран Шапурич, Аце Коцевски и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандман на член 8 3 за додавање нова алинеја 6 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

**ВДАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се усвојува.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, господинот Шапуриќ со неколку збора го кажа значењето на месните заедници. Во нашава држава, за решавањето на дневните проблеми на месните заедници. Јас го предложив овој амандман со цел да се разреши прашањето со финансиите на месните заедници, посебно на село кој што досега беше оставено да виси ни на небо ни на земја. Инаку, според пишувањето на некогашниот републички одбор на месните заедници во селските

XII/8.-

населби од нашава држава постојат околу 12 00 месни заедници. Овие така наречени основни клетки на политичкиот систем во изминатиот период одиграа значајна улога во разрешувањето на дневните работи,,и животни проблеми на селските средини. Тие во нивните општински одбори, посебно Републичкиот одбор на месните заедници со здружени средства и работна сила изградија 100-тица современи водоводи, километри патишта, амбуланти и што не. Овие објекти се градени со средства од сиромашниот буџет на селото и со нив како така во изминатиов период значајно беа успорени процесите на раселување на селата и во стариот и во овој систем на прашањата за финансирање на активностите на селските месни заедници натаму не му се посветува соодветно внимание. Месните заедници од село со овој закон за локалната самоуправа очекуваа да се надмине овој проблем, меѓутоа како што стојат работите сега повторно се оди по старо. Финансирањето на заедничките потреби на селаните ќе се врши со сопствени средства и работна сила. Тоа значи дека како што сега одат работите никогаш не ќе може да се реши ниту еден комунален проблем во нашите села.

Во Законот за локална самоуправа во членот 83 се вели дека месните заедници ќе се финансираат со средства што ќе им ги отстапи единицата на локалната самоуправа. Кој може да верува во ваква таканаречена законска лага. Знаете кога ќе добијат селските месни заедници пари од општините? Тогаш која Скопје на овој план ќе пушти некоја банка во Прилеп, Битола итн. Скопје ќе пушти делче од овие приходи што сега ги остварува од разни царини и други давачки кон државата, тогаш кога ќе ги реши сите проблеми и ќе остават пари на страна за внатрешноста. Скопје доби гасовод, со чии пари не знаеме, а во некои села се уште нема ни вода ни струја.

XII/9.-

Од овие причини барам господа пратеници да го поддржите овој амандман. Се надевам дека пратениците што ги претставуваат во овој дом наш селаните ќе гласат за овој амандман. Со тоа ќе се стави крај на сегашните состојби, средствата од разните даноци што ги плаќа селото па се користат само за задоволување на потребите во градот, значи понатаму сега како што рече господинот Стојановски ноќните паши на градот да ги користат овие средства што ги создава селото. Јас да потсетам дека овој амандман барам нова алинеја да стои овој текст: Во членот 83 се додава нова алинеја која гласи: "и една третина од средствата што земјоделците и другите жители на селото ги даваат во име на давачки кон државата како што се данокот од земјоделска дејност, персонален данок, данок од имот, данок на земјоделска механизација, данок на вршење на дејности со земјоделска механизација, данок на промет со земја и недвижности и данок од наследство и подароци.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин потпретседателе, драги пратеници, јас немам многу да кажувам за овој амандман, меѓутоа, за мене овој амандман е прифатен, односно една третина од средствата кои што земјоделците било по која основа ги издвојуваат, мислам дека повеќе треба да се залагаме за вакви средства на месните заедници уште со самиот закон за локална самоуправа да се издвојат, отколку што повеќе средства да остануваат во градот а има доста извори што од селата се зафаќаат пои било кој основ и мислам дека е потребно и треба со еден ваков дел да бидат опфатени кои средства ќе се прелеваат во месните заедници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(31 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот ка член 83 за додавање нова алинеја 6 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на Глава XIV и членовите 89, 90, и 91 поднесен од пратеникот Абдурахман Алити.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Абдурахман Алити има збор.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, јас долго мислев со какви амандмани да се интервенира за да се подобри текстот на Глава XIV, поточно членовите 89, 90 и 91 и, верувајте ми дека не успеав да најдам начин да го направам тоа. При тоа дојдов до сознание дека целата оваа глава, според мое убедување е една несреќа од која не може друго ништо да се направи освен нова несреќа. Со цел да избегнеме нови несреќи, а и да се избегне оваа последна несреќа јас предлагам целосно оваа глава да се избрише од законот за локалната самоуправа.

Ќе кажам зошто.- Законот, во членот 89 став 1 утврдува што е тоа мнозинство. И кажува дека е тоа се што е повеќе од пола, е мнозинство. Мислам дека овде се работи за еден нотoрен факт што не треба да се

докажува. Тоа е исто како да тврдиш дека е мртов е оној човек кој не е жив. Се разбира дека е мртов.

Спорна е исто така определбата, ја прифаќам и ја сфаќам како политичка определба процентот од 20% во вториот став. Не постојат релевантни факти што ќе докажат дека токму 20% а не 19, а не 21 е тоа што во смисла на Уставот на РМ е значителен број. Значи, се работи за чист политички волонтаризам кој што сигурно зависи од односот на силите во државата.

Понатаму, законот веднаш скршнува од Уставот. место да ги операционализира одредбите на член 7 став 2 и став 3, тој Уставот го чита така како што не пишува во него. Во Уставот, господа пишува дека во единиците на локалната самоуправа каде што припадниците на националностите живеат во мнозинство и тн, јазикот и писмото на таа националност, покрај македонскиот јазик и кирилското писмо се во службена употреба на начин утврден со закон. Предлагачот го чита уставот поинаку. Тој Уставот го чита -Во органите на единиците на локалната самоуправа каде што националностите и тн. и се тој текст. Јас се извинувам, но навистина се работи за едно, или за недоразбирање или за намерно погрешно читање на уставот. Јас сум убеден дека овластениот предлагач ако покрене иницијатива за измена на уставот, членот 7 став 2 и 3 го прилагоди на ова што го мисли и ако ова го мислел и тогаш кога е донесен Уставот, тогаш или е чесно да признае дека погрешил или нека покрене иницијатива за измена односно дополнување на Уставот. И, нека рече - Во органите на единиците на локалната самоуправа и тн. останатиот текст може да остане ист. Вака јас јавно ве повикувам и ја повикувам и науката во РМ ако не сум во право нека ме демантираат. Но, со факти. Без политички волонтаризам, без етикетирања или каков е нашиот менталитет за водење на политичка расправа.

Вака, како што стои и натамошниот текст на законот поаѓа токму од оваа претпоставка. И после излегува малку надвор од тоа во членот, не знам кој беше, дали 91, но сосема малку. И ако е намерата на овој закон односно на овој Парламент навистина со овој закон да се уреди прашањето за употреба на јазиците, мислам дека е ова најлошиот начин за регулирање на тоа прашање.

Оттука, ние сме единствени во оценката дека толку колку што е можно прашањето на јазикот треба да биде уредено со посебен закон. Сум чул за секакви аргументации од типот дека тоа би бил некој омнибус закон , дека тоа би бил некој што јас знам каков закон и тн. Меѓутоа, нам во РМ таков закон ни е потребен затоа што во секојдневната пракса ние имаме практични проблеми што произлегуваат токму од неуредените односи во оваа област. Наша задача, наша е одговорноста овие односи да ги уредиме.

Зборував за тоа што чини овој закон , а не треба да го чини. Значи, уредува едно прашање на кое не му е местото тука, а не уредува прашања што со овој закон треба да бидат уредени. На долго овде се зборуваше и спорна е таа тема и теоретски, ако сакате, дали може да стане збор за локална власт. За мое уверување тука нема локална власт. Мислам дека е сосема погрешна тезата ако таа продолжи да егзистира дека се работи за власт.

Второ, законот вели дека се засновува врз начелата на децентрализација и деконцентрација на власта и управата итн. па дури се тврди и дека управата се приближува кон граѓаните. Јас ве уверувам во спротивното. Управата, уште за едно ниво се оддалечува од граѓаните.

Бидејќи се работи за односи што се однесуваат за уредување, а се обидуваме да ги уредиме со овој закон каде што не им е место, сметам дека законот во тој дел ми личи на "Прокрустлово легло Но, јас тука не

сум моќен, добриот стар Тезеј одамна не е веќе меѓу живите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почитуваниот г-дин пратеник Абдурахман Алити постави три прашања или три прашања што ги постави, би сакал да одговорам

Прво на второто прашање, но нема да одговорам на начин за тоа како се смета да се регулира прашањето на употребата на јазиците на националностите во смисла на еден или повеќе закони и сл. бидејќи тој прашањето го постави во рамките дека овој закон операционализира нешто што не пишува во Уставот и дека во Уставот пишува, во членот 7 став 2 дека во единиците на локалната самоуправа каде што националноста живее во мнозинство се употребува покрај македонскиот јазик и писмото и јазик и писмото на националноста, во законот пишува "Во органите ", па според тоа прашањето е како може да се образложи редукцијата која што му се чини на г-динот дека постои во законот. Со една импликација дека овој закон, со овој текст би бил коректен до колку во Уставот би постоело - во органите на единиците на локалната заедница каде што живеат во мнозинство и сл. Имено, тоа е само навидум така.

Прво, законот за локалната самоуправа има свој предмет, ограничен. Тоа е организационен закон за проблематиката на институтот локална самоуправа кој што ги опфаќа основните принципи на локалната самоуправа, надлежностите на локалната самоуправа и институциите на локалната самоуправа. Институциите во потесна смисла на единицата на локална самоуправа, институциите во поширока смисла сите оние

институции што како јавни служби, јавни установи, јавни претпријатија ги основа единицата на локална самоуправа.

Иако предмет на овој конкретен закон е токму тој, а тој на овој начин има граници, на пример, тогаш во овој закон операционализацијата на член 7 став 2 и став 3 се одвива во рамките на овој предмет.

Веднаш да одговорам на второто дали тоа значи дека на таков начин членот 7 став 2 и 3 доживуваат конечна редукција? Имено, не. Членот 7 став 2 и 3 се општа обврска за владата и овој Парламент во сите закони што ќе регулираат институции и односи што се остваруваат на ниво на локална заедница да го уредат прашањето на употреба на јазиците на националностите. Што значи сега не вака дедуктивно, бидејќи создава аверзија еден закон или повеќе закони, индуктивно може да се сфати логиката дека прашањето на употребата на јазиците ќе биде уредувано по сила на уставна обврска , што произлегува од членот 7 став 2 и 3 во сите закони што имаат институти и регулираат или нормираат односи што се остваруваат во локалните заедници, по прашањето на јазиците.

Со други зборови најконкретно значи дека Законот за органите на државната управа не ќе може да го прескокне прашањето на употребата на јазиците на националностите во подрачните единици или во комуникацијата на органите на државната управа со граѓаните од единиците кои што се припадници на националностите, не ќе може д ја избегне обврската од член 7 став 2 и став 3. Тоа значи дека Законот за судските постапки, што многу скоро ќе биде во парламентарна дебата и процедура не ќе може да го одбегне прашањето на јазикот на судската постапка тогаш кога се одвива во судовите што се во единиците на локалната самоуправа а во кои живее мнозинство на националност или националност во значителен број.

XIII/6

Што значи членот 7, став 2и 3 е општа обврска за сите закони што уредуваат институции и односи во таквите единици на локална заедница, а тоа значи дека законот за локална самоуправа не се јавува како мал или своевиден устав по прашањето на употребата на јазиците на националностите или за службената употреба на јазиците на националностите, бидејќи Уставот не може да биде заменет со нов мал устав. Уставот е дециден во членот 7 и 2 и тој означува обврска за сите закони.

Од тие причини, да завршам, дилемата е напросто доктринарна или сколастична, а објаснувањето е едноставно и на тој начин мислам дека, односно на ваков начин под претпоставка, јас верувам во таа претпоставка дека Владата и овој Парламент ќе бидат на ниво на одлуките односно нормите на член 7 став 2 и3 во сите закони, ќе отпадне недовербата, ќе отпадне се она што го оптоварува и ја оптоварува и оваа Глава XIV од овој Закон. Оваа глава изгледа така заради тоа што овој закон има конкретен предмет. Овој Закон се однесува на локалната самоуправа а не на јазиците, не на другите позиции или на позициите на националностите, односно овој закон не е закон за меѓунационални односи на локално ниво.

Поимот "значителен број" или процентот "20" тоа е навистина мерка донесена во политички дијалог низ официјална процедура на Владата и се нуди на Парламентот, а претходно со многу усогласувања. Тоа е навистина процент каде што субјектите кои го подготвувале овој проект се имаат најдено. Со исчекор на едните кон другите предлози што тргнале од некои други позиции, што значи самиот факт дека се имаат најдено тука, тоа значи дека и во таа процедура субјектите кои учествувале во одмерувањето на процентот значителен број тргнале од различни позиции.

XIII/7

Се разбира дека не постои никаде во светот, би сакал да го знаеме, не постои никаде објективен критериум кој што би бил ноторен, како што вика г-динот Абдурахман Алити и би го прифатиле со силата на својата природна логика каде што би се определило што е тоа што значи значителен број на националност во случајот. Никаде, секаде е тоа процент што ги изразува односите политичките социјалните, културните и сите други параметри што се вклучуваат. И секако дека тој процент може да биде погорен во одредени околности и понизок, исто така во определени околности, што значи процентот е динамичен.

XIV/1 ДВ/ПН

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Тој со законското определување тука не добива легитимитет иманентен дека 20% е значителен број и дека на тој начин таа иманентност да го претвора процентот 20 како општ критериум кој би се нудел како некој projандок на науката или на некои други. Напросто тоа е процент што сметаме дека во овој момент ги врамнотежува позициите, овозможува база, и дава проодност и процедура, веројатно, да се надеваме, мислам тоа е оптимистичката варијанта, за негова динамика и тогаш кога за мене ќе биде значајно да имам, да речеме, во местото каде што живеам и само еден, бидејќи ми е значајно да го сретнам, со него да разговарам, да работам и да ги споделувам доброто и лошото. Тоа е околу процентот.

Трето, едно враќање назад дека со овој закон не се прави никаква децентрализација и деконцентрација и дека воопшто синтагмата дека овој закон ја доближува администрацијата или управата поблиску до граѓаните е фраза или измислена работа, дури со заклучок односно со теза за која нема елаборација да се види логиката на тоа дека со овој закон се правело уште поголемо оддалечување. Имено, ќе бидам многу едноставен:

Овој закон како основен и организационен нужно има норма и таа на општ начин е формулирана дека еден вид на надлежностите на локалната самоуправа ќе биде делегираната надлежност, а тоа значи дека со секој закон тоа ќе мора да го започне законот за државната администрација и многу други закони како што се законот за матична служба, за управните служби, веројатно и сите други кои што ќе одделат надлежности кои по својата природа можат ефикасно и рационално да се

остваруваат во единиците на локалната заедница преку органите на единицата на локалната заедница, ќе ги поткрепи со финансиски средства и кои на таков начин ќе ја децентрализираат, деконцентрираат надлежноста на државните органи и ќе ја доближат до граѓаните во единиците на локалната заедница. Овој закон може да го има општиот институт дека со закон се делегираат надлежности на органите на државна управа под одреден режим и тука постојат низа решенија како тоа се прави, како се финансира и како се надзира. Имено, тој институт практично е оскака врз која може да се извлече заклучок дека законот за локална самоуправа натаму ќе предизвика децентрализација, деконцентрација на државната управа и доближуваше до граѓаните. Таа задача, се надевам, овој Парламент ќе ја изврши, а Владата мислам апсолутно ќе ја предложи бидејќи ќе мора да ја растовари управата да се растовари и себеси и на тој начин да се направи чекор кон единиците на локалната самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, минатата среда доста се дискутираше тука, немав прилика да го искажам тоа што го мислев, бидејќи при крајот во салата имаше само 37 веќе уморни пратеници, а утредента веќе немаше дискусии. За тоа ја користам оваа прилика сега нешто на кратко да кажам во врска со употребата на јазикот што е и дел на законот.

XIV/3

Потполно се согласувам, мислам на дискусиите од минатата среда, на пратениците Албанци од сите партии. Сигурно сите забележавте дека беа концизни, јасни и објективни и не- навредливи спрема никого. Заеднички именител на дискусиите беше да се одбрани стекнатото право од 1945 година и официјализирано со Уставот од 1974 година. Тоа е рамноправната употреба на македонскиот, албанскиот и турскиот јазик во Републикава.

И пратениците македонци минатата среда беа достоинствени, без навреди и критики кон излагањата на албанците, го искажаа своето мислеше во врска со предложениот закон за локалната самоуправа. Но, за жал, од оваа говорница се бараа примери на некоја негативна компарација на сметка на соседните земји, запоставувајќи ја позитивната компарација за рамноправноста на јазиците во некои европски земји, дури и на Балканот и тоа во нашето соседство, среќаваме позитивна компарација. На пример во Парламентот на Словенија има двајца несловенци, унгарец и италијан. На прашањето на г-динот Мерсел Билали, претставниците на Комисијата за надворешни работи на Парламентот на Словенија, правата на тие двајца претставници на малцинствата му беше одговорено, парафразирам, дека тие двајца, унгарецот ги има сите права и во Парламентот да зборува на унгарски и да му се преведува на унгарски, односно италијанецот да зборува италијански и да му се преведува на италијански.

Ми беше речено дека словенците кои живеат во тие мешани региони го учат јазикот, унгарскиот односно словенскиот како јазик на средината, значи покрај некој странски јазик го учат унгарскиот, таму каде што има унгарски, и италијанскиот таму каде има италијанци.

XIV/4

Понатаму, да ја земеме Србија, или таканаречена СР Југославија. Албанците во целина во таа Југославија би биле околу 15 или 16%. Кога би. прифатиле да живеат заедно во една држава, албанците би ги имале сите права, дури србите би учеле албански на Косово, во Црна Гора и во Прешево и Рујановац.

Да одиме подалеку. Не се споменува ни Швајцарија, ни Белгија, ни Финска.

Потпретседателот на Комитетот за човекови права од Финска е швеѓанин. Во своето излагање пред месец и повеќе во Париз, рече дека ние претставуваме околу 8% или 5,2% во Финска, но на секој финец му е мило да може да се запише на Универзитетот на шведски јазик што е во Финска. Но, да ги оставиме овие. Имаме примери и во Азија. Еве на пример ако јаземеме Малезија. Таму се зборува кинески, индиски и малајски. И одлично живеат. Во Швајцарија дури и ретороманците го употребуваат својот јазик, а се знае дека се нешто околу 1%. Но да ги оставиме сите овие.

Македонија не е конституирана како демократска држава, според некои грчки, турски, албански или бугарски....Таа е конституирана според реалното и постоечкото внатре, во границите на РМ според националниот состав на населението.

Британскиот судија на Европскиот суд на човекови права Џон Фринер по престојот на чело на делегацијата на Советот на Европа во Македонија од 31 јануари до 4 февруари 1995 година во својот извештај поднесен на 4 мај 1995 година до Бирото на парламентарното собрание на Европскиот совет, на осма страна под точка 30 пишува дека бившата југословенска Република Македонија е мултикултурно и мултиетничко

општество итн. Истото го среќаваме и кај г-ѓа говорник, известувач на Конгресот за локална и регионална власт на Европа. Само да ги имаме предвид овие работи.

Не е толку важно што Европа и светот знаат за оваа реалност, за мултинационална, мултиетничка и мултиетничка, колку е важно ние самите ја знаеме таа реалност и тоа не од денес ниту од вчера, туку со векови наназад. Затоа што подолго се трудиме да ја прикриваме оваа вистина, толку повеќе ќе се оддалечиме и продлабочиме меѓунационалните или меѓуетничките тензии и недоразбирања, а тоа оди на штета на сите нас, пред се на штета на Републикава. Крајно е време работите да ги согледаме под нова демократска диоптрија и да не се пребројуваме секоја година и според некои проценти да делиме лимитирани права а секој лимит на права на некого само по себе подразбира дискриминација или поблаго речено нерамноправност спрема другиот. Според мене, а и според сите европски конвенции за човекови права албанскиот јазик кој го употребуваат спрема официјалниот попис од 1994 година 2 3% од населението во РМ, па и турскиот донекаде, со овој закон за локална самоуправа треба да се во службена употреба на цела територија на РМ, таму каде што живеат претставници на албанскиот односно на турското население.

Уште еднаш, многу често се слуша зборот малцинства, национално малцинство. Уставно сме националност, го нема тука г-дин Вангелов да ме поддржи дека името националност, божемски статусот на албанците и на другите се повишува за една скала, тоа е лингвистичка ујдурма, да кажам или лингвистички трик, бидејќи националност и народност се мантички е исти збор со исто значење, само народност е потекло од словенските јазици на националност од романските јазици. Затоа за мене е неприфатливо ни малцинство ни народност ни националност,

мислам дека албанците треба, барем според овој закон некако да добијат еден ниво повисок и ништо подолу, само како народ и ништо повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на Глава XIV и членовите 89, 90 и 91, поднесени од пратеникот Абдурахман Алити.

Отворам претрес по амандманот на Глава XIV за менување на членовите 89, 90 и 91 поднесени од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Процент 10 се нуди, не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, во врска со овие амандмани ние во оваа Глава имаме предложени три измени за трите амандмани, меѓутоа

бараме сега поконкретно изјаснување од страна на министерот, без разлика дека тука секогаш се повикуваме на тие повелби, на овие конвенции, а по мое мислење подобро би било овој закон или во врска со ова да се донесеше еден нов закон кој ќе бидеше закон за употреба на јазиците да националностите, или некои закон, така наречен суигенерис. Дали е можно тоа во тоа време, јас мислам дека нема расположение до страна на пратениците и сигурно нема да мине, од сето тоа што се случува меѓу нас.

Меѓутоа, јас мислам дека процентот, овој процент што е предложен од страна на предлагачот на законот, се работи тука за три члена, за член 89, 90 и 91 од предлог закон за употреба на јазиците.

Верувајте дека во врска со ова ако вака, како што е предложено минат на некој начин тука на еден дел од Албанците, во зависност каде живеат нема да им биде дозволено да го употребуваат својот мајчин јазик, а на некои места каде се мнозинство на пример во некои градови како Гостивар, Тетово, Дебар итн. ќе имаат право да го употребуваат. Сега ниту јас ниту ни еден од тука што се присутни пратеници Албанци мислам немаат право, ниту од страна на нивниот електорат може да му се одобри на еден дел, како што предлага законот да имаат право и да им се овозможи, а на еден друг да не може да станат право на употреба на јазиците.

Ние имаме предложено верзии во врска со член од 89, 90 и 91 и сакам поконкретно во врска со нив да дискутираме и на крај бараме поддршка, бидејќи овој сегмент кога се работи за употреба на јазиците е многу чувствителен и мислам и ако и понатаму во оваа сфера немаме

разбирање и постапиме како и во ред други закони што беа донесени, верувајте дека нема да биде добро за сите нас, сите на некој начин сме одговорни за овие закони што ги донесуваме.

Бидејќи не сакам да се држам повеќе за ова имам и други предложени вакви амандмани, во член 90, и во член 91, јас едно поопширно образложение ќе се трудам да дадам на крај сите овие 3 члена, што мислам дека држи и по наше мислење дека треба така да биде прифатено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Глава XIV за менување на членовите 89, 90 и 91 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 89, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XV/1.-СП/ОМ

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во Уставот, актуелниот, нашиот односно вашиот за кого сте гласале во член 7 став 2 и 3 никаде не пишува колкаво мнозинство и дека треба да биде над 50%. Се знае кога е мнозинство треба нешто повеќе од половина, но не мора да биде така, а посебно кога се работи за значителен број. Како оваа наша фамозна блада и на кој начин се определила за таа бројка.' Знаете мои пријатели дека бројките се излишни,, повеќе пати. Посебно сакам да се надоврзам и за другиот амандман за 91 дека ова над 50% и ова над 20% е антиуставна, како се земе. Значи, ние одиме кон тоа во единиците на локалната самоуправа се претендира да имаат нешто повеќе права, слободи на граѓаните, а од друга страна ограничување на овие права. Само по овие членови 8 9 се до 91 тоа значи дека е концентрација на централната власт и не се работи за никаква демократија, за никакви права кои се загарантирани по Уставот. Да не ги набројувам сите тие институции во неколку члена од Уставот само едно дека граѓаните пред Уставот се рамноправни. Ве молам, не само што се дискриминирани во овие членови националностите во Македонија и албанците, а да не зборуваме за другите тие веќе не постојат па нека се бришат на време ни албанците не се далеку да се бришат тоа значи сама дискриминација помеѓу една националност значи истата. Ве молам, само по овој попис со кој албанците и другите националности не се согласуваат нормално и Вие ќе видите дека во мнозинство се или половината од целокупниот број на лабанците во Македонија или поголем е бројот на оние кои се во значителен број. Значи чиста права дискриминација, нема тука друго убедување. Значи, зависи кој како е роден, ако сакаш да бидеш во мнозинство те молам исели се веднаш денеска, па продај си ја куќата, продај го станот па оди во Тетово и Гостивар, а сега и во Кичево можеби

и во Дебар, а во Скопје кревај ги рацете оди си , нема што да бара или од Куманово каде има толку албанци не можеш да бидеш во мнозинство ќе бидеш во значителен број и јас ќе бидам фер спрема мојот колега Шаќири и други значи не сме еднакви, не може да биде со мене ни г-дин Рами Туда и овие 6 пратеници албанци или од албанско потекло од Скопје не можат да бидат рамноправни со мене затоа што прв пат во Кичево се албанците 52% иако од дијаспората не се попишани. Дајте една пресметка па ќе видите можеби навистина поголем дел од самите албанци од македонци ќе бидат во значителен број. Тука е во прашање чиста дискриминација затоа сум предложил во мојот амандман, што се однесува до членот 89 не е 50 или 60 или 40 или 20 %, туку сум побарал да биде повеќе од втората националност. Замислете сега да речеме една националност во една општина може да биде 49% или 50% не е над 50%, туку 50 или под 50. Додека македонската националност, население, односно жители ќе бидат 23% значи тие се секако бенефицирани. од каде е еднаквоста. Што ќе имаме во самата пракса. Доаѓаат други проблеми. Една националност во една општина со оглед дека нема над 50% ќе побара свои патишта како да ја мајоризира другата нација, како што е случај со нас тука во Парламентот. Затоа мислам дека повторно би требало, јас во своето излагање околу општата дебата по овој закон реков, а тоа важи и сега дека овој закон има 100 недостатоци и би требало да се врати повторно на процедура, а другите да ги оставиме или да не излегувам уште еднаш за другиот амандман да кажам за она за што јас сум се определил еве некако за инает на Владата, на претставникот на Владата, на предлагачот, па јас не сум барал 10 или 12%, туку 5%, а пак ми е жал за тие мои сограѓани и сонародници во Битола, Ресен, Прилеп, Крушево дури и во Велес ќе бидат дискриминирани. Тие ќе дојдат ќе навалат во Кичево, Вие сте многу

сиромашни па тешко да дојдат сите албанци, замислете овој закон не е за два дена од Битола, Ресен, Велес, знаете во Битола беше главниот турски вилает, па Кичево беше со Косовскиот и Скопскиот вилает. сега размислете малку да се договориме да разговараме човечки инаку на вој начин мислам дека не може. Нормално Владата може по тие комисии, експерти, па можеби имаме помош од експертиза од странство се обидува некако , но погрешно , овој закон е многу деликатен, не е така лесно прв пат можеби нешто подетално се обработува некои институции особено за јазикот што се однесува од Уставот и не е лесна работа затоа што не е лесна работа доставен е тука во Парламентот пред нас е во процедура е, па малку да размислиме поинаку на овој начин не може понатаму. Можеби ако случајно се гласа вечерва за овој закон , да не излегувам уште еднаш да не бидам досаден како што рече мојот колега , да знаете дека овој предлог закон е закон од Владата, Предлог закон на Владата и Предлог закон односно закон за Владата. Не е ни за македонците во Македонија не е ни во полза ни на албанците ни на другите националности. Значи, овој е антинароден закон. Затоа предлагам за овој закон да не се гласа и да се врати на повторна процедура од а).

**ТИТО ПЕТКОВСЌИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 9 став 1 и 2, поднесен до пратеникот Сали Рамадани.

XV/4.-

Отворам претрес по амандманот на член 8 9 став 1 и 2 поднесен до пратеникот Томислав Стојановски.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Да, сега е опачината на претходните амандмани, овој матнам за мнозинство зема дека е 70%, а за значителен број 40%. Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Ако се нуди филозофија дека каде што живее било еден од националностите треба да биде државен јазик, јазикот на таа националност во Уставот никаде не пишува за апсолутно или за просто мнозинство туку пишува мнозинство. Јас тоа сум го протолкувал како мнозинство и сум предложил 70%. Читајте го Уставот член 7 вели во мнозинство не вели просто, не вели апсолутно мнозинство и јас сум сврзан за некоја бројка која сметав дека одговара на состојбите.

Бројката за значителен број 40% точно треба да елиминира манипулации, калкулации и филозофија да се пазариме од 2 до 22%. Констатиравме дека ова е држава на македонскиот народ и сите други набројани во Уставот кои живеат во неа и дека во службена употреба е македонскиот јазик и кирилското писмо. Тоа не се бројки кои се истресени од ракав затоа што сите кои изнесуваа податоци за некое искуство од светот јас ги имам истите искуства каде се запазени овие

бројки кои јас ги предложив во мојот амандман. Спрема тоа зошто едни амандмани да бидат прифатени сериозно, а другите да се сметаат дека е некоја противтежа, воопшто нема таква намера.

Пред да продолжиме предлагам со членовите 90 и 91 почитуваниот министер е преморен , но сепак ќе изнајде уште малку сили апликативно да ни протолкува што ќе значи службена употреба на јазиците во кои домени, како тоа технички ќе се изведе и вториот дел што значи тоа натписи, јавни установи, претпријатија широко пишано што се амандмани на Владата, се извинувам г-дине министре преморени сте или да го оставиме ова за утре, ако мислите да продолжиме. Повелете да ни го протолкувате тоа ќе биде многу корисно за сите.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас не сум заморен, ако има други барања во таа смисла.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Јас го почитувам излагањето на г-динот Стојановски, меѓутоа, доста време е тука на трибината и на некој начин јас по мое убедување мислам дека многу придонесе за влошување на односите во меѓунационални односи. И јас сум тетовчанец и тој е тетовчанец и мислам ако тргнуваме од оваа полза крајот нема да се најде, ќе го молам,бидејќи добро го познавам, горе долу се познаваме, законот што е пред нас, ние разговараме и натаму ќе разговараме, меѓутоа треба

во врска со ова да не навлегуваме во тие сегменти кои навистина нема да придонесат и нема да бидат во интерес на нашето ангажирање тука.

Од досегашната пракса кога се во прашање проценти за кои се залага пратеникот било на внатрешен или надворешен план предложените проценти не се некому познати. Јас го почитувам министерот што два три пати пред нас рече дека ние се повикуваме на тие повелби, на тие конвенции, па дали тие повелби и конвенции важат кога се во прашање употребата на јазиците на националностите и дали се земени примерите, да не одиме подалеку од тука оти многу е апсорбирана швајцари Финска и Белгија, туку да одиме во поблиски места како штос е Словенија Хрватска. некои проценти што се предложени тука јас мислам дека се земаат како пример во повеќенационалните држави и општества каде тој процент се движи од 6 до 8% и ако тргнеме од тоа како што предложи г-динот Стојановски на таа проценка од 70% не знам што би било и што ќе придонесеме со тоа. Со оглед на тоа што РМ според националната структура е мултинационална , а со тоа и мултијазична се наметнува потребата да се води сметка и почитување и на другите немакедонски јазици во однос на нивната службена и јавна употреба како пример не треба да се земаат тие држави кои навистина имаат голем развој, туку да одиме во поконкретни држави што сега се во реформа и трансформација.

Согласно изнесеното предлагам процентот од 10% на учество на националностите во вкупниот број на населението од одредена единица на локална самоуправа да биде како основа на кој процент ќе зависи службената и јавната употреба на јазиците на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Се извинувам г-дине Кадриу, но расправаме за овој амандман а кога ќе дојдеме на тој амандман за кој Вие зборувате тогаш ќе разговараме, а сега за амандманот од г-динот Стојановски.

XV/7.-

Дали друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 89 став 1 и 2, поднесен до пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 89 за менување на став 2, поднесен до Комисијата за меѓунационални односи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас ќе го искористам овој амандман за да кажам прво дека не се прифаќа, а да објаснам за да не станува после тоа на сите амандмани ги имаат истите решенија.

Се разбира дека процентите на националностите во одделни земји кои постојат и кој врзуваат и службена употреба на јазиците се различни од земја во зема и тука има едно големо шаренило.

Второ, во таа рамка Предлогот што се нуди со овој закон за значителен број и во сито време и таму каде што се во мнозинство за службена употреба во рамките на сите оние институти кои се предвид дени тука од органи на локална заедница, јавни установи, претпријатија јавни служби, улици, плоштади и фирми на јавни установи, Македонија не се наоѓа воопшто на дното ниту при дното, можеби некаде меѓу средината или нешто над средината. Можете во тоа да се уверите. Меѓутоа, морам да ви кажам дека определени примери што се кажаа еве

за Словенија со мал процент за Финска за ретороманскиот јазик и слично, колку и да ги согледуваме можеме емпириски прецизно да утврдиме со колкав процент какви права се добиваат, не можат нам да ни помогнат, бидејќи не можат механички да се префрлат и напросто самото сознание за процентот да одигра улога во меѓународналните, во меѓу човечките односи во Република Македонија. Ние сами треба да си помогнеме односно низ долга расправа што е правена досега во текот на изминатите три години да дојдеме до определен процент кој е прифатлив за сите страни кое може да претставува база и претставува почетна база на која можат да бидат стабилизирани во определен временски период меѓунационалните односи во рамките , во случајот низ институциите на локалната заедница и мислам дека само тој процент е фактички реален. Инаку, ако бараме низ Европа и низ историјата има примери за сите модели .На пример, го спомнувате шведскиот јазик во Финска со односниот процент, не се споменува, можеби не се знае состојбата на финците во Шведска. Обратно во Шведска финци има повеќе, финскиот јазик не е службен јазик образованието е до четврто одделение, а во Финска швеѓани има помалку отколку има финци во Шведска, шведскиот јазик е службен јазик на државно ниво и образование има до висок степен и има една сосема историска елаборација зошто и како.

Исто така Јужен Тирол има своја историја и тој јазик и новото и слично, па во таа смисла сакав да Ви кажам дека има примери и во една и во друга смисла, имаме исто така примери на земји каде има националности, како да ги нема, на ниво не за службена употреба на јазикот, туку за употреба на јазик во областа на образование, на култура, на медии или на јавна или друга употреба. Морам да кажам дека е неопходно да се разликува така наречената службена употреба на јазикот така наречената службена употреба на јазикот од така

нареченаta јавна употреба на јазикот. Имено, во Република Македонија приватната и јавната употреба на јазикот е комплетно не ограничена, тука станува збор само за рамки на службената употреба на јазикот. Пример на јавна употреба е кога на собир на граѓани од албанска или турска националност се говори , се држат говори, се пишува, зборува на јазикот на националностите, никогаш никаде нема ограничување на тој план.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Значи во Република Македонија комплетно приватната и јавната употреба на јазикот, усно и писмено сосема е неограничена, а определени лимити за употребата на јазикот има во одредени области а во- службената употреба на јазикот границите се тие кои што, од Уставот како што произлегува се елаборираат во овој закон, се елаборираат во Законот за државната управа, во Законот за судските постапки, веројатно во Законот за администрацијата, комуникацијата со луѓе итн. Во Законот за здравството тогаш кога ќе се употребуваат со превенција на здравството или можеби лекарствата, упатствата на лековите, на рецептите и слично.

Ниеден модел не може да биде сам по себе силен да воведе определено решение. Процентот кој што се нуди тука е процент на политички договор до кој е дојдено, условно да кажам, кај двете страни, националностите и претставниците на македонците од другата страна кои што тргнале од различни позиции. Но, тоа е веројатно мерата каде што се имаат сретнато и веројатно таа мера е израз на овој исечок на историскиот простор, на историското време на оваа Република Македонија. Процентот е динамичен, дај боже тој да се развива со ширење на прарата и намалување на процентот. Меѓутоа, искажувањето тврдо дека овој процент ќе носи несреќи или слично, не носи овој процент несреќи. Несреќи може да носат само многу порадикални програми и планови кои што во случајот евентуално би се изговарале со процентот од овој закон. Законот не поттикнува сам по себе такви радикални односи на нетрпение. Напросто сметаме дека тој спротивно ги урамнотежува бидејќи тој е резултат на четиригодишен дијалог.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидејќи амандманот кој што е предложен од група пратеници на ПДП меѓу кои што сум и јас е сличен како овој ја користам можноста и јас да не излезам уште еднаш, туку во овој случај да го кажам моето мислење по однос на аргументите кои што беа искажани тука и по однос на мој одредени оценки кои што јас сметам дека треба да се кажат по однос на овие проценти.

Како прво сметам дека навистина зад овие бројки нема друго објаснување освен тоа дека е ова политичка оценка и пресликување на политичките состојби во моментот, но овој број ние го гледаме малку поинаку, додека предлагачот, а и неверојатно и блокот кој што стои зад него малку поинаку. Во секој случај ќе обрнам внимание на неколку моменти кои што треба да се имаат предвид при одлучувањето по однос на ова прашање.

Првото е дека со овие проценти сакале или не на некој начин се одредува односот на државата кон граѓаните припадници на одделни националности и точно со овие проценти на една категорија на граѓани од одделни националности им се ускратува правото на употреба на службена употреба на својот јазик во единиците на локалната самоуправа на начин кој што со овој закон се уредува.

Сметам дека имајќи ги во предвид состојбите во Републиката, процентите на националностите кои што живеат во одделни општини, нивното присуство и изнесеност со овој процент ќе се доведе во прашање една животна потреба на одделен број на националностите да можат да комуницираат меѓу себе во службена употреба, се разбира. Тоа е првото.

Со предложениот амандман и од страна на Комисијата, а и од нас како пратеници, од ПДП укажувам на тоа дека што се однесува до нас

самите со оваа измена од 20 на 10 % не би се предизвикала некоја посериозна ситуација и при добивање на привилегиран статус, односно придобивање на статус на службен јазик во некои единици на локална самоуправа со значителен број затоа што според моите сознанија, а таквите ни се потврдени во контактите со Владата, единствени општини кои што дополнително би се вклучиле во општините со значителен процент во ваква ситуација е општината Кисела Вода и не знам уште која една друга општина, што не е нешто значително, некоја значителна придобивка и во оваа смисла повеќе нашата интервенција оди кон тоа да им се овозможи на другите граѓани припадници на други националности, исклучувајќи ја албанската да го изгубат статусот кој што го имаат во одредени општини. Сметам дека ова е една од поважните работи кои што треба да се имаат предвид, а тоа е дека со овој закон, со оваа одредба дефакто некои граѓани припадници на националностите неалбанци го губат статусот што го имаат сега.

И уште една чудна состојба, уште во една чудна состојба ќе се доведе населението во општините со мешан национален состав. Јас немам точна слика на состојбите по општините, но колку што ми е познато во четири општини во Република Македонија македонскиот народ не е во мнозинство, туку е тука на граница на тоа, некаде над 40%, додека, припадниците на националностите чинат над 50%. Но, тие не можат да го уживаат правото на службена употреба во духот на тоа што значи мнозинство во таа општина. Повеќе јазици зборуваат но во секој случај сите тие заедно претставуваат некои чудни проценти, а сепак нивниот јазик ќе биде многу ограничен во тие општини. Вакви општини, колку што ми е познато во Република; Македонија има околу 4 и ова е една ситуација која што и покрај нашите укажување во многуте разговори што сме ги имале со претставниците од Владата односно со министерот

за жал Владата не најде начин ова прашање посериозно да го третира и да изнајде некое поспецифично решение за овие ситуации.

Јас во секој случај иако знам, јасно ми е дека Владата предлагачот нема да отстапи од оваа определба, од 20% за значителниот број, во секој случај сакам уште еднаш да го потенцирам тоа наше обрнување на внимание на една ситуација која што според мои оценки ќе предизвика незадоволство во одредени општини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 89 за менување на став 2 поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 89 став 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 2 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 89 став 2 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 2 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 89 став 2 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 9 став 2 поднесен од пратениците: Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**МЕРСЕЉ БИЛАЛИ:**

(од место зборува )

го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот г-динот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 0 став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е опфатен со амандманите со основниот текст на Владата.

Амандманот не се прифаќа.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Г-динот министер требаше да каже дека само делумно е прифатен амандманот што го предлагаме затоа што нашиот предлог се однесува не само на единиците на локалната самоуправа каде што припадниците на националностите живеат во мнозинство, туку и за значителен број. Сметам дека во овој случај Владата односно предлагачот требаше да биде доследен и бидејќи се согласува со нашето укажување дека се работи за јавни претпријатија и установи чиј основач е општината и во единиците во локалната самоуправа каде што припадниците на националностите живеат во значителен број требаше да се прифати интервенцијата и таму да важи истиот став.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 0 став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 90 за додавање нов став 4 по став 3 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Сејфедин Харуни, Исмет Рамадани, Газменд Ајдарага и Абдурауф Пруси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Навистина би сакал да се образложи ова неприфаќање на амандман, а јас бидејќи претпоставувам дека поради големиот број на амандмани пратениците и не се запознати за што се работи, па ќе го прочитам: "во културните и образовните установи кои служат за развивање и унапредување на културните и образовните цели на националностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и кирилското писмо е и јазикот на писмото на националностите". Не гледам што тука има да не се прифати. Овие установи се токму за таа националност и ако не се зборува и пишува на јазикот и писмото на националностите не знам зошто постојат за таа националност. Тогаш треба и да не постојат.

XVI/8

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Неопходно е да се објасни бидејќи навистина се замаглуваат односно замаглено се кажуваат работите, можеби ненамерно.

Во културните и образовните установи, во образовните установи со устав е нормирано дека во училиштата за основно образование и средно образование во кои учат националностите, образованието се одвива на јазикот на националностите. Културните установи на националностите, културно друштво , театар и др. Не може на ниеден начин да се одвива активноста ако не на јазикот на националностите, што значи дека нема никакво ограничување. Сега станува збор за документацијата Во училиштето по прашањето на службената употреба во смисла на водењето на документацијата овој парламент усвои закон и се определи во однос на дневникот во однос на другата документација итн. ако се смета дека треба сето тоа што се усвои пред 15 или 20 дена да се поништи на овој начин, тука преку овој закон, тоа значи дека ова Собрание еднаш решава на еден начин, друг пат на друг. Од тие причини мислиме дека е некоректен овој амандман односно дека не му е местото тука. Во културните или другите установи околу службеноста во смисла на документацијата треба да се решава, а тоа се решавало и решило кога станува збор за јазикот за основните училишта и јазикот за средното образование. Кога ќе дојде законот за култура или културните установи, кој што ќе дојде од Министерството за култура тогаш ќе го решавате тоа прашање. Ова становиште на локалната самоуправа е сосема коегзистентно поставено она што е во законот за локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Десет пратеници гласаа за.

XVI/9

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 90 за додавање на нов став 4 по став 3 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Сејфедин Харуни, Исмет Рамадани, Газменд Ајдарага и Абдурауф Пруси.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 91 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани,Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа поради тоа што веќе е објаснето дека во општините во кои во значителен број живее националноста, не се прифаќа ова проширено право кое што е резервирано за општините во кои националноста живее во мнозинство . На тој начин се прави таа традиција што инаку јас претпоставувам ставот 2 во однос на ставот 3 од член 7. Да објаснам, бидејќи господинот Таири имаше бараше до мене претходно да објаснам дека ова се однесува на натписите и друго и фирмите на установите, претпријатијата од јавен карактер што ги формира општината а не и на приватните фирми. Материјата на приватните фирми законот не ја регулира.

XVII/1.- ЛП-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Мислам дека на овој начин им се ускратува на припадниците на националностите да можат да ги изразуваат своите национални и при истакнување на фирми на овие установи во општините, во општините во кои се во значителен број.

Освен ова, укажувам дека слична забелешка имаше и Советот на Европа односно експертската група на Советот на Европа, која на некој начин изврши експертиза, односно која беше консултирана при изготвувањето на законот и во овој поглед имаше една формулација која можеби би можела да помогне во некои општини да се примени оваа одредба на факултативен начин. За жал, Владата во последен момент се предомисли односно се повлече од еден таков предлог, па укажувам на тоа дека во овој сегмент на јавната употреба на писмото и јазикот на националностите, во одредена мерка, е во спротивност со насоките и упатствата што биле давани од страна на експертите од Советот на Европа за локалната самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Образложението кое би го дал е малку подолго во однос на овој амандман, меѓутоа, веднаш на почетокот да нагласам дека овде сега правиме една дискриминација во однос на она што беше слично што е усвоено во членот 90, што е предложено и усвоено во членот 90.

Јас сум свесен дека приватните поаѓања односно при поаѓањето за тоа на кој начин ќе се утврдува одредена политика сигурно дека во

XVII/2.-

случајот е користена математичката метода па заради тоа ќе кажам нешто во врска со таа метода како метод кој се користи и во демографската статистика. Имено, демографската статистика служејќи се со аритметичката метода во одредувањето на националната интерференција на една територијална целина на една локална заедница, онака како што се сака да се одлучува, независно од научните сознанија кои можат да произлезат од неа, сметам дека треба да имаме предвид дека таа не секогаш ни дава мериторни,реални, прифатливи, есенцијални податоци, базирани врз целината како комплекс кој претставува една територијална целина, уште повеќе кога се знае дека овие податоци во сегашниот момент имаат и политички конотации. Математичкиот метод како статистички метод, кој со овој предлог на закон сакаме да го примениме за одредување на националната интерференција за една локална заедница, повеќе му одговара на една формална логика која ни дава едносмерни, еднодимензионални, периферни, тврдокорни и неприфатливи податоци за есенцијалната целовитост, од причини што тие како такви не се израз на комплексните барања на овој феномен за повеќето локални заедници. Податоците добиени од тој метод не се реално огледало на демографијата, па дури ни на лингвистиката, културата, психологијата, етиката, моралот и политиката на основната демографска структура на локалната заедница.

Кога го велам ова,ја имам предвид мојата локална заедница, мојата изборна единица Дебар, која според формалната статистичка метода не ги исполнува условите за јазичната рамноправност и според оваа формална логика се исклучува од можноста за рамноправна употреба на албанскиот јазик, покрај македонскиот. Каква е логиката тука кога се знае дека Дебар меѓу Албанците претставува синоним на чистиот албански јазик, на културното богатство на Албанците, на општата национална албанска психологија, па би рекол на јавното државно

мислење дека тука доминира албанското население.

Со примена на една таква формалистичка методологија, која сакаме да ја применуваме, исклучувајќи го Дебар од овој консензус, се прашувам дали ќе настојуваме и понатаму да ја афирмираме реалната политика, базирана врз феноменот на флексибилноста во конкретниот случај или пак ќе го постигнеме спротивното, било пред нас било пред светот, бидејќи денес секој знае што претставува Дебар за албанскиот елемент во рамките на македонската држава.

Затоа, се залагам за пореален, пополитички, пофлексибилен пристап на овој феномен околу разрешувањето на чворот локална самоуправа со реални основи. Впрочем, во Дебар од секогаш во примена била дво и тројазичноста, а тоа е и сега, одиме напред кон Европа или се враќаме назад. Во случајот со примена, со поставувањето на оваа одредба, овој став од овој закон одиме назад. И ден денес написите на сите јавни установи, сите други натписи се дво и тројазични во зависност од тоа на кое подрачје на општината се наоѓаат. Дали ќе се вратиме назад? Мое мислење е дека не треба да се враќаме назад во никој случај. Станавме членка на Советот на Европа, член на Обединетите нации сме порано, станавме членка на ОБСЕ, ќе станеме сигурно членки на многу други организации, финансиските не ги спомнав бидејќи мислам дека во моментот не е битно, иако е битно за Македонија, но ако вака одиме мислам дека ќе направиме преседан и ќе се враќаме назад. А кому ќе му користи тоа не знам. На нас сигурно не. Затоа, настојувам и го поддржувам амандманот на член 91.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, да не остане нешто недокажано, конкретно за Дебар станува збор, сакам да потсетам дека историјата докажала многу работи за сожителството во Дебар меѓу Македонците, Албанците и останатите. Дека најчистиот јазик се говори во Дебар,тоа истото и за другите може да се сфати и би сакал да кажам еден податок дека во Дебар живеат Македонци 20,6%, Албанци 45,9%, Турци 20,6%, Роми 4,2%, Срби 0,1%. Тоа се податоци кои зборуваат во прилог на сожителството во Дебар без да се потенцира ниту една националност. А Дебар мислам дека е еден од градовите кој може да се гордее во поглед на политиката дека функционира тој сојуз за Македонија и сожителството со другите партии е на едно разумно ниво на комуникација и не би сакал да се сфати погрешно, но да си го имаме почитувањето дека животот е друг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уше некој бара збор?

Има збор г-динот Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Најпосле стигнавме до последните членови, меѓутоа, за да не останам недоречен, сакам да кажам уште две-три реченици.

Почитуваниот министер денес се замори и морам да признам дека прилично вешто и лингвистички моќно успеа да не разубеди дека не сме во право. Меѓутоа, ќе ве молам, не успеа да побие две тези. Првата теза е дека она право кое го посакуваш за себе, мораш секогаш да бидеш спремен да го даваш и на други и втора теза, оној на кого му недостига повеќе, нормално и повеќе да бара.-

Поаѓајќи од тие две тези, ние се обидовме во една ваква ситуација да извлечеме колку што може повеќе и овде не добив ниеден аргумент, дословно ниеден аргумент што би се случило кога тој процент би паднал

од 20 на 10%. Бевме убедени дека со тоа ништо не се губи, дека со тоа не се нарушуваат односите итн. Доколку беше така, сигурно ќе постоеше спремност тој процент да падне. После тоа, доаѓаме до амандмани кои сега бараат излез од оваа ситуација, па и тука доаѓаме до одредени маневри дека тоа е вака или онака и јас излегов, бидејќи ова е трето излегување да кажам дека во овој момент за мене е сосема ирелевантно дали нешто ќе се прифати или не. Јас поаѓајќи токму од овие три амандмани и сиот напор што го вложивме за да се догради структурата на проектот во најдобри намери, морам да признам само лично од моја гледна точка дека токму заради овие три последни амандмани јас не сум спремен да го прифатам овој предлог на закон. Мислам дека со чиста совест и свест нема да го прифатам токму од тие причини. Обидите и желбите ни беа најблагородни без никому да наштетат, барем јас не сум спремен да го поддржам овој предлог на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Со големо внимание ја следев дискусијата на мојот земјак и немам ништо што да приговорам на таа дискусија, освен да дополнам некои работи. Сите тие факти се такви, ако веруваме на статистиката, а немаме други работи, други податоци за да не веруваме, меѓутоа, само би додал нешто. Тоа се такви факт, меѓутоа, има едни други моменти кои не се наведени тука, а тоа е што Дебар, за жал, поради таа економска состојба, поради таа неразвиеност има голем број на луѓе кои по се изгледа за секогаш ги оставија своите куќи и само повремено се враќаат, бидејќи добија и државјанство таму, а дебрани ги има најмногу во САД, некаде околу 6 илјади според некои статистики. Кога тие луѓе би биле во

XVII/6.-

Дебар, главно можам да кажам дека 99% се Албанци, кога тие би биле во Дебар состојбата со таа статистика би била сосема друга и не би можел друго да кажам освен уште еднаш да го замолам г-динот министер да го прифати овој амандман, иако се изјасни за тоа, но мислам дека има можност тоа да го чини, ако не може денес, вечерва, бидејќи и така мислам дека не ќе може да се изгласа законот вечерва поради кворум, па нека се преиспита уште еднаш и нека, да кажам така, така да се изразам, нека се сожали и нека даде "да" на амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 91 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на членот 91 поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 91, поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

Отворам претресот по амандманот на член 91 поднесен од пратеникот Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува амандманот г-динот Шаќири.

Отворам претрес по амандманот на член 91 поднесен од пратеникот Сали Рамадани и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тој ист амандман...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 91 став 1, поднесен од пратениците Ване Наумовски и Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа се однесува на јавни претпријатија што ги основала единицата

на локалната самоуправа, се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 1 и за бришење на став 2 , поднесен од пратеникот Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, тоа е истиот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, предложениот амандман на членот 91 претставува значаен чекор кон подобрување на квалитетот на овој закон во врска со употребата на јазиците во локалната самоуправа. Јас сметам дека не постои никаква уставна пречка за да се прифати овој амандман како составен дел на законот. Но, пред се треба да постои добра волја од страна на пратениците за да биде изгласан амандманот. Со оглед на фактот што досега овој Парламент не покажал таква добра волја за да се прифати нешто што претставува интерес на Албанците, јас не знам дали постои некаква математичка формула со која би можел да се убеди овој Парламент дека предложениот амандман не ги санкционира јазичните права на другите.

Бидејќи министерот без да даде пошироко образложение или би требал малку во овој момент и научно образложение, кога се работи за јазичната употреба на ниво на локалната самоуправа и така едноставно го одбил амандманот, министерот, по завршувањето на главниот

претрес по Предлогот на законот во својата дискусија со неаргументирани тези се потрудил да го брани законскиот проект во врска со употребата на јазиците. Меѓутоа, министерот побарал од нас да се најде еден пример во соседна земја каде се зборуваат 6 јазици.

**ХИСНИ ШАКИРИ**: (продолжение)

Точно таков пример ние немаме. Но прво би било многу подобро министерот да каже во која соседна земја бројот на другиот народ е под процентот колку што е бројот на албанците во Македонија. Господине министри вие како експерт по овие прашања сигурен сум дека знаете кога постоеше Југославија, албанскиот јазик имаше ист третман како македонскиот јазик со сите други јазици во сојузните органи.

Трето, албанскиот јазик и со Уставот од 1984 на СРМ беше во службената употреба. Тогаш не стана збор за шест јазици во Република Македонија. Јас не знам на што алудиравте кога ги спомнавте шест јазици. Што се однесува до нас Албанците ние имаме само еден јазик и едно писмо. Ако ви беше зборот за албанците. Што се однесува до законот јас немам никаков морал да го поддржам овој закон бидејќи досега ниеден амандман не се прифатил во врска со употребата на јазиците во локалната самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 91 став 1 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Хисни Шаќири.

Отворам претрес по амандманот на член 91 за додавање нов став 2 поднесен од Комисијата за политички систем. Молам претставникот на Владата да се произнесе.

XVIII/2.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Да дадам образложение кратко, овој амандман во оваа формулација го прифати Комисијата за политички систем, го поддржа заедницата на општините и градовите на Македонија на седницата во Охрид и во оваа содржина е сугерирано од Советот на Европа. Имено, доколку овој парламент го прифати овој амандман тоа значи дека во општините со мешан состав, таму каде што националноста е во мнозинство, но е во значителен број, може да биде со многу висок процент во значителен број 40, 45, 39 итн, како што беа дадени предлози се дозволува факултативно можност употреба на јазикот и писмото и на натписите на јавните установи. Тоа значи на самото собрание натписот на школите, на јавните претпријатија. Во случајот станува збор за јавни претпријатија, служби установи што ги основа Собранието, бидејќи тоа веќе го определивме, а со другите закони ќе се регулираат натписите и на јавните установи што ги определува државата доколку така одлучи Советот на единицата на локалната самоуправа. Што значи дека законот на овој начин не го пресечува прашањето, туку остава можна процедура за советот на односната општина. Што значи дека евентуално во некои единици на локална самоуправа, каде мешаниот состав е со голема концентрација на одделни националности и доколку советот на единицата на месната заедница така одлучи,ценејќи ја реалноста на единиците на месната заедница која што може со оглед на односите меѓу национални, што животот ги има создадено реално во тие единици да одмери друга реалност од онаа што ние на ниво на Република одмеруваме, се дава таква можност. Имено, тоа е сугестија на Советот на Европа. Јас оставам под тоа нешто да се определи парламентот. Владата не го вгради овој амандман во законот, односно во основниот текст на законот.

XVIII/3.-

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Јас и во образложението што се обидов да го дадам за едни други амандмани посочив на вакво решение кое што беше предложено од страна на Комисијата за политички систем, односно од страна на експертската група која што работеше на законот заедно со претставниците од министерството и обрнува внимание дека на овој начин би се премолчила може би една ситуација која што ќе се створи во општини какви што и самиот министер ги наброја. Општини каде што одредена националност, односно повеќе националности чинат големо мнозинство, но поради таквата состојба нема да може да биде во службена употреба под условите што важат за мнозинство во овие општини. На овој начин би се овозможила во овие општини да се примени факултативно применат на службената употреба на јазикот под режимот кој што важи за единиците за локална самоуправа што се во мнозинство. Прифаќањето на овој амандман би бил еден добар компромис кој што би укажал на тоа дека во секој случај се води сметка за реалните состојби кои што владеат во некои општини. Иако во практиката овој став кој што се предлага, односно овој амандман нема да предизвика посериозни нарушувања на тоа што е концепт предложен од страна на министерството и Владата во секој случај ќе претставува еден вентил кој што ќе овозможи во одредени ситуации да се надминат некои неповолни состојби кои претпоставувам дека ќе се предизвикаат со овој закон тој што е на усвојување. И на крајот бидејќи ценам дека денеска за вака важно прашање нема доволен кворум, предлагам да се прекине расправата и да се продолжи утре кога ќе се обезбеди пособдветен кворум за та решаваат по ова прашање.

Барам да се констатира колкав е бројот на пратениците кои што се присутни.

XVIII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам од службата да бидеме информирани колку од пратениците се присутни во салата.

65 пратеници се присутни во салата.

Дали уште некој бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ние секогаш велиме и новинарски пишувања итн., слушаме, читаме дека навистина секогаш тоа што Владата ќе донесе закон и таму што поминува, обично поминува и тука. Овој пат јас колку имам сенс и чувствувам дека министерот да ни се обрати вака кон парламентарците дека во овој случај навистина треба едно наше зрело размислување како пратеници, иако се работи за нешто што е факултативно, ноќе направиме доста, затоа што се добива по некогаш печатот дека ние како пратеници од иста партија да сме контрадикторни во однос на употребата на јазиците во националностите во мнозинство каде што се и во значителен број, но тоа го правевме и го правиме многу свесно, затоа што одиме крајно до тоа да бидеме компромисни, значи до тој компромис, во овој случај кога се работи за нешто факултативно, која веќе е и препорака од некаде, а воедно ние имаме и после тоа амандман кој исто така интервенираме со 91-а , 91-6 итн., јас мислам дека во овој случај би требало да одлучиме така што сепак со вакво нешто, односно со една ваква интервенција ќе можеме да помогнеме навистина и некој друг јазик, освен албанскиот и некој друг јазик да биде во употреба во одредена населба или месна заедница. Зошто велам така? Затоа што ако во одредена локална единица нивниот претставник, односно членот на Советот во единицата на локална сам управа, односно во органот го злоупотребува мајчиниот јазик, го употребува и го пишува, акти ќе има таму итн. таква смисла има неговиот бирач од одредена населба или село, каде што е биран тој да не може да го употребува мајчиниот јазик,

дури во еден натпис во месна заедница, во училиште или во некоја друга установа. Затоа јас мислам дека во овој случај треба да се прифати или ова што е факултативно решение или тоа што следува како 91-а и 91-б, како на амандман. Едно докажам, не молам јас тука, меѓутоа да бидеме до крај респектирани, ако можеме меѓу себе. Зошто? Затоа што не гледам никаде дека се загрозува тука македонскиот јазик и кирилското писмо. Во секоја установа и во секое село вие знаете дека прв јазик кој се пишува и се зборува е македонскиот. И тој натпис каде што македонскиов јазик веќе стои, испод се пишува јазикот на националноста, со што кажете ми аргумент се загрозува македонскиот јазик и кириличното писмо. Апсолутно не. Затоа јас мислам дека треба да се поддржи, или ова факултативно решение или тоа за што интервенираме ние со дополнување на овој член.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (13).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 91 за додавање став 2 поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 91-а и 91-б поднесен од пратениците: Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе,

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XVIII/6-.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Г-динот Рамадани образложи околу предложениот амандман, односно првиот негов дел, а се однесува на службената употреба на јазикот, односно написите на одредени подрачја каде што припадниците на националноста живеат и се компактно присутни и сметам дека, односно при предлагањето сметавме дека. на овој начин ќе придонесеме да се елиминира таа фобија која што евентуално постои кај некои од присуството на албанскиот јазик во јавното живеење на целата општина и да се лоцира само на еден сегмент на подрачјата кои што претставуваат населби, месни заедници, села, каде што припадниците на националноста живеат во мнозинство, односно компактно живеат.

Вториот дел се однесува на тоа натписите на фирмите а се однесува на приватните фирми, припадниците на националноста ги пишуваат покрај на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на одредената националност. Знам дека се толкува на одреден начин дека е тоа во доменот на слободното изразување на националната припадност, но во праксата имаме случаи каде што се наложува на одредени натписи на фирми, на приватни фирми да се тргнат натписите на јазикот на националностите императивно да се стави натпис на македонски јазик. Со оваа интервенција или ако Владата има во предвид некоја друга интервенција, мислам дека оваа состојба треба да се надмине. Во секој случај сметам дека треба да се изнајде начин на одредени подрачја и населени места, освен културните и образованите институции кои што понатаму ќе опфаќаат со режим на службена употреба на јазикот на националностите и другите установи и институции кој постојат таму да можат да го уживаат тој режим.

Вториот дел од амандманот се однесува на комуникацијата помеѓу граѓаните и органите на државната управа. Имено, во некои верзии од овој ист закон кој што денеска е пред разгледување, јас не можам да се сетам која верзија беше таа, но сигурно во претходниот состав на Владата имаше одредби со кои се одредуваше и службената употреба на јазикот, односно употреба на јазикот при постапка во државните органи и органите на локалната самоуправа. Таква одредба сега од овој закон е исфрлена, со образложение дека тоа ќе биде предмет на еден друг закон. Но јас тврдам, а и мислам дека и со овој закон ништо не претстои овој дел од оваа материја да се регулира а во иднина со тој друг закон некои други сегменти би уследиле и би се регулирале.

**ИСЕМТ РАМАДАНИ:**

Во името на парламентарната група на ПДП барам да се прекине со расправата, односно пауза до утре до 12,00 часот, бидејќи чувствуваме потреба за дополнителни консултации како пратеничка група.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме утре во 12,00 часот.

( Седницата заврши во 19,00 часот).